# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ на Општина Штип

2019 – 2023

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ
# НА ОПШТИНА ШТИП

# **2019 - 2023**

**Автор:** Сања Божовиќ Стојкоска

*Членови на Советот на млади – Штип*:
Викторија Кукушев
Дијана Јованова
Дарко Митев
Борче Органџиски
Иван Миладинов

**Лектура:** Елена Георгиевска

**Дизајн:** Полиестердеј, Скопје



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



*Иднина, надеж и темел на едно демократско општество*

Младиот дух е силата и моторот на идејата за подобри и поквалитетни локални заедници. Неодамна и јас како млад човек стапив во позиција на градоначалник и затоа знам колку е важна улогата на младите во развојот на демократските процеси во Општината и општо во развојот и подобрувањето на животот во заедницата. Како никогаш до сега младите се вклучени во активностите на локално ниво. Нивната креативност сега може да биде реализирана без никаква пречка. Преку младите општината ги поставува и реализира стратешките цели. Им даваме шанса преку искажување на нивното мислење на безброј дебати, јавни настапи. Внимателно ги слушаме нивните критики. Младиот ум е креатор на оваа стратегија, стратегија која од денес треба да служи како водич за квалитетни предуслови, посветеноста на највисоките раководни структури и мотивираноста на засегнатите страни за учество во процесот за успешно стратешко реализирање на истата.

Младите се еден долгорочен проект, тие се нашата инвестиција во иднината нивниот личен развој и работа ќе биде гарант за успешна локална заедница.

Оваа стратегија нека претставува Устав за нашата Општина која како стратешка цел го има напредокот на младите во секоја етапа од нивниот развој.

За младите, младите за нас!

Општина Штип
Градоначалник
**Благој Бочварски**

*Локалната стратегија за млади на Општина Штип има цел да ја унапреди положбата на младите и да ги позиционира како партнер на Општина Штип при соочување со сите предизвици. Оваа Локална стратегија за млади треба да ги унапреди правата на младите и да овозможи соодветна информираност за нивно искористување. Стратегијата треба да им помогне на младите во надминување на сите предизвици и задоволување на приоритетните младински потреби на локално ниво.*

*Визијата на оваа Стратегија е да им даде можност на младите да бидат дел од сите процеси на локално ниво, да одлучуваат за своите потреби, да го дадат својот придонес кон локалната заедница и да бидат активни и одговорни граѓани. Оваа Стратегија треба да им овозможи на младите да живеат квалитетен живот и да се задоволни од својата работа како и од работата на локалните власти.*

# СОДРЖИНА

ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП ........ 6

МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ШТИП ........ 9

ОБЛАСТ – ОБРАЗОВАНИЕ ........ 12
Стратешки приоритети во областа образование ........ 17

ОБЛАСТ – СОЦИЈАЛЕН СТАНДАРД ........ 18
Стратешки приоритети во областа социјален стандард ........ 22

ОБЛАСТ – МИГРАЦИЈА ........ 23
Стратешки приоритети во областа миграција ........ 27

ОБЛАСТ – ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА ........ 28
Стратешки приоритети во областа здравство и превенција ........ 31

ОБЛАСТ – МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ........ 32
Стратешки приоритети во областа меѓуетничка интеграција ........ 34

ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ ........ 35
Стратешки приоритети во областа младинско информирање ........ 39

ОБЛАСТ – МЛАДИНСКО УЧЕСТВО ........ 40
Стратешки приоритети во областа младинско учество ........ 44

ОБЛАСТ – УРБАНИЗАМ ........ 45
Стратешки приоритети во областа урбанизам ........ 47

ОБЛАСТ – КУЛТУРА ........ 48
Стратешки приоритети во областа култура ........ 52

ОБЛАСТ – СПОРТ ........ 53
Стратешки приоритети во областа спорт ........ 56

ПРИНЦИПИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ И ЗА ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ ........ 57

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ........ 59

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ........ 61

# ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ШТИП

Во текот на 2017 и 2018 година, Советот на млади на Општина Штип во соработка и со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје започнаа да работат на подготовка на Локалната стратегија за млади на Општина Штип, која треба да ја унапреди положбата на младите и да го зголеми учеството на младите во процесите на донесување на одлуки. Во подготовката на Локалната стратегија за млади се вклучија сите членови на Советот на млади на Општина Штип, граѓански организации, претставници од релевантни институции и младите од Штип.

Во периодот од 2011 до 2015 година, младите во Општина Штип беа опфатени со Локалната стратегија за млади, на која ѝ истече важноста. Токму затоа, неопходно беше Советот на млади да започне со изработка на нова стратегија, којашто понатаму ќе ги опфати новите општествени и социјални потреби на младите во Штип и ќе овозможи сами да ги изберат своите приоритети на кои треба да се работи во следниот период. Токму затоа, се започна со изработка на нова младинска Стратегија за следните четири години.

Целта за изработка на новата Локална стратегија за млади е Советот на млади на Општина Штип заедно со Општина Штип да продолжат со координиран и континуиран пристап за решавање на младинските проблеми и предизвици со кои се соочуваат младите на локално ниво, како и да се зголеми заинтересираноста на младите за нивно учество во процесот на подготвување, имплементација и евалуација на младински политики. Преку методологијата за подготовка на оваа младинска Стратегија се направи обид да се идентификуваат локалните проблеми на младите, со намера Општината и Советот на млади во следниот период да работат на нивно решавање и да се придонесе кон промоција на активни и одговорни млади и поголемо учество на младинскиот сектор (младински формални и неформални здружувања) во креирањето на политики и донесувањето на одлуки на локално ниво.

Прашањата и областите кои ќе бидат дел од оваа Стратегија, се прашања за кои младите преку специфично дизајнирана и имплементирана методологија ги идентификуваа како најрелевантни и најнеопходни за унапредување на нивната моментална положба. За да може соодветно да се пристапи кон подготовката

на прашалникот и да се изберат соодветните области кои ќе ги опфати овој прашалник, на самиот почеток беше спроведена анализа на постојните и релевантни национални и стратешки документи во Република Северна Македонија кои се однесуваат на младинските проблеми и прашања, како и на анализата на Локалната стратегија за млади (2011-2015) година, за Општина Штип која даде преглед на изминатите предизвици за младите во овој регион. По подготвената анализа беа опфатени и спроведени три вида на прашалници, соодветно на потребите на младите. Различните видови прашалници ги отсликуваат различните области каде се, всушност, најчестите предизвици на средношколците, студентите, и другите млади во Општината, и беа спроведени 483 прашалници во Општина Штип. Со овие прашалници се опфатени сите категории и возрасни групи на млади со цел да се добијат соодветни одговори и насоки за идната работа на Советот на млади на Општина Штип. Прашалниците се спроведуваа само на македонски јазик како официјален јазик на комуникација на ниво на Општина Штип.

По спроведувањето на прашалниците и добивањето на одговорите се пристапи кон јавна консултација на добиените резултати со сите засегнати страни. Па така, се спроведе консултација со студентите, средношколците, младинските организации и сите заинтересирани млади за да може да се видат најрелевантните области, најистакнатите проблеми и, притоа, со идеи да се придонесе кон нивно надминување. На овие средби учесниците го искажаа своето мислење за проблемите со кои се соочуваат и предложија соодветни решенија кои во иднина ќе бидат спроведени како дел од оваа младинска Стратегија. Потоа се реализираше средба со претставници на Општината и локалните институции кои допираат прашања од младински аспект или, пак, работат директно со младински прашања од која било област, како би можело да се слушне и мислењето на претставниците на институцијата за најрелевантните младински предизвици и проблеми (Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште, Комунални работи и заштита на животната средина при Општина Штип, Одделенијата за: Правно нормативни работи и поддршка на Советот, Образование, Одделение за услуги и информирање на граѓаните при Општина Штип, ЈУДОДГ „Вера Циривири-Трена"-Штип, ОЈУДГ „АСТИБО" - Штип, ООУ „Ванчо Прќе", ООУ „Гоце Делчев", ООУ „Димитар Влахов", ООУ „Тошо Арсов", СОУ „Славчо Стојменски", СОУ „Димитар Мирасчиев", СОУ „Јане Сандански", СОУ „Коле Нехтенин", СВР – Штип, Дом на млади – Штип, Национална установа – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев" – Штип, Агенција за вработување – Штип). Соодветно, претставниците на Општината даваа и свои мислења и предлози за унапредување на положбата на младите. Последната средба се одржа со сите засегнати страни (млади, институции, претставници на Општината и градоначалник), како и со Советот на Општината, како тело кое е надлежно за донесување на стратешки документи.

Сите овие институции го дадоа својот придонес при подготовката на оваа Стратегија со нивни забелешки во насока на планирање на подобри активности кои заеднички со Советот на млади ќе бидат спроведени и ќе помогнат во подобрување на квалитетот на животот на младите на локално ниво.

Целокупниот процес за подготовка на Стратегијата, изложен погоре, се одвиваше во неколку фази и тоа:

- Анализа на постојните документи, истражувања и анализи за младински политики во Република Северна Македонија;
- Прашалник за лоцирање на потребите на студентите, средношколците и младите во Општина Штип;
- Мапирање на засегнатите страни за процесот на консултација за Стратегијата;
- Анализа на добиените податоци од прашалниците;
- Консултативна средба со средношколци;
- Консултативна средба со студенти;
- Консултативни средби со претставници на младинските здруженија во Општина Штип;
- Консултативна средба со претставници на институции на локално ниво; и
- Консултативна средба со градоначалникот и претставници на Советот на Општина Штип.

Голема благодарност до членовите на Советот на млади од претходниот мандат на Општина Штип – Сања Стефанова - претседател, Кирил Јорданов – потпретседател, Дејан Димитриев – член, Орхидеа Катарова – член, како и соработниците на Советот на млади – Деспина Ристова, Стефан Постолов, Викторија Петровска, Маринела Серафимова, Мартина Серафимова, Златка Митревска, Тања Димова и Рената Пенчова за нивната активна вклученост и посветеност во изработката на оваа Стратегија, како и сите вклучени претставници од Општината, средните училишта, студентите и претставниците на младинските здруженија и локалните институции.

# МЛАДИТЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

Во земјите во светот отсуствува една прифатена дефиниција на поимот млади, како и возрасна граница за категоријата млади. Особено, возрасната границата е различна во секоја земја и се менува со текот на годините. Па така, во 2006 година, Европската Унија преку програмата „Млади во акција" ја постави возрасната граница од 15 до 25 години, но тенденцијата беше со текот на годините оваа возрасна граница да се проширува.

Младите се ресурс и основата за развој на секое демократско општество, па оттаму и потребата за континуирана грижа за нивните потреби и предизвици. Токму затоа, неопходно е стратешките документи посветени на младите да опфаќаат различни области како би можеле сеопфатно да одговорат на нивните предизвици. Национален стратешки документ во Република Северна Македонија за млади е Националната стратегија за млади (2016-2025) година, но и покрај нејзиното постоење неопходно е да се развиваат и локални младински стратегии за да може да се опфатат и потребите на младите на локално ниво.

Во нашата земја отсуствува законско регулирање на поимот млади, како и законско регулирање на многу младински прашања, но затоа минатата Национална стратегија за млади (2005-2015)[1] година, за првпат дава дефиниција на овој поим. Па така, овој документ ги дефинира младите како „[...] социоетничка категорија на население на возраст од 15 до 24 години [...], [...] секоја сериозна акција или програма за млади треба да ги земе предвид и лицата од 24 до 30 години [...]". Сепак, важноста на таа Стратегија заврши и во земјава се креираше нова Национална стратегија за млади 2016-2025[2] година, која има многу проширена возрасна граница на млади. Па така, терминот „млади" се однесува на сите лица на возраст од 15 до 29 години. Тоа е категорија која во себе носи огромен потенцијал, како клучен ресурс за општествениот напредок, но и особена ранливост на социоекономските промени во општеството. Исто така, вакви дефиниции и поставување на возрасни граници на поимот млади се употребуваат во неколку локални младински стратегии.

Општина Штип е една од 81 општина во Република Северна Македонија и се наоѓа во источниот дел на земјата. Вкупниот број на жители во Општината, во

1 Национална стратегија за млади (2005-2015) година.

2 Национална стратегија за млади (2016-2025) година.

согласност со податоците од Државниот завод за статистика[3], во 2016 година бил 48.735 жители. Од вкупниот број на жители, млади се 8.981, на возраст од 15 до 29 години, што претставува 20 % од вкупниот број на населението во оваа Општина. На оваа бројка на млади во Општина Штип секако треба да се додаде и бројот на млади - студенти кои доаѓаат во Штип за да го завршат своето образование на Универзитетот „Гоце Делчев", кој е со седиште во Општината. Во Општина Штип се забележува намалување на бројот на млади од 2013 до 2016 година. Намалувањето на бројот на млади е околу 300-400 млади на годишно ниво, во согласност со статистиките на Државниот завод за статистика.

Население во Република Македонија на 30.06 по специфични групи на возраст, по пол, по општини, по години, според промените во територијалната поделба од 2014 година




Согласно последните статистики во 2017 година, денес, најбројна е популацијата на млади на возраст од 20-24 години, и тоа 3.214 млади, потоа 2.537 млади на возраст од 15-19 години, 2.313 млади на возраст од 25-27 години и 1.537 млади на возраст од 28-29 години.

Бројот на млади од машката популација, споредено со бројот на млади од женската популација во Општина Штип се движи релативно рамномерно и еднакво.

3 Мак Стат База, www.stat.gov.mk









Во следниот дел од Локалната стратегија за млади на Општина Штип се наоѓа анализата, со фокус на најистакнатите проблеми на кои треба да работат Општина Штип и Советот на млади во следниот период. За секоја област е направена анализа во согласност со постојните документи кои реферираат на состојбата на младите на локално ниво, статистички податоци, и од анализата на прашалниците кои се спроведени и кои ги одговорија студентите, средношколците и младите во Општина Штип. Последниот дел од секоја област вклучува препораки и идни заложби што треба да се имаат како основа при подготовката на идните документи за планирање на активностите, односно на годишните акциски планови. Па, така, во следните делови ќе може да најдете анализа на следниве области: образование, социјален стандард, миграција, здравство и девијантни појави кај младите, меѓуетничка интеграција, младинска информираност, партиципација на млади, урбанизам, култура и спорт.

# ОБЛАСТ: ОБРАЗОВАНИЕ

Образованието како основно човеково право е загарантирано со Уставот и е право кое што се предвидува за секој граѓанин на Република Северна Македонија. Понатаму, правото на образование се регулира со посебни закони за секоја област соодветно. Во земјава има приватни и државни установи од претшколско образование, па сé до високо образование каде секој може да го остварува ова право во согласност со своите потреби и интереси, и соодветните законски текстови.

Во Општина Штип, во согласност со податоците од Државниот завод за статистика има регистрирано 4.189 ученици запишани во основното образование во учебната 2016/2017 година. Од 4.189 ученици, 2018 се ученички, додека 2.171 се ученици од машки пол. Сите овие ученици учат во 14 основни училишта, од кои 13 се редовни основни училишта со 214 паралелки, и едно специјално основно училиште.

На територијата на Општина Штип има 7 средни училишта и тоа: СОУ„Славчо Стојменски“, СОУ „Коле Нехтенин“, СОУ „Димитар Мирасчиев“, СОУ „Јане Сандански“, ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ Штип, Државно средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ и Приватно средно училиште САБА, кои нудат гимназиско и средно стручно образование. Во овие 7 средни училишта учат вкупно 2.493 ученици, од кои 1.280 се ученички, додека 1.213 се ученици од машки пол. Средното образование е регулирано со Законот за средно образование и Законот за средно стручно образование, кое е задолжително и бесплатно во средните јавни училишта, во кои се остваруваат наставни планови и програми за гимназиско и за стручно образование.

Во согласност со заложбите на Република Северна Македонија за децентрализација и префрлување на дел од надлежностите од централната на локалната власт, училиштата постепено преминаа во надлежност на локалната самоуправа. Па така, образованието (основното и средното образование) е една од најважните категории во кои се одвиваше децентрализацијата. Најважните промени кои се случија во образованието се однесуваат на пренесување на сопственоста на училиштата од централната на локалната власт, распределувањето на финансии и финансиски средства, изборот на директори на училиштата, како и организацијата на превозот. Меѓутоа, и покрај тоа што со процесот на децентрализација се дојде до поголема самостојност и слобода во финансирањето и одлучувањето во

образованието, се наследија и низа предизвици како: некои од училишните објекти беа преземени во многу лоша состојба, непостоење на катастарска евиденција, недостаток на административен капацитет за менаџирање и планирање на средства, невклучување на општините во креирањето на содржините за средното образование, недостаток од координација со централната власт и слично.

Една од најважните теми е достапноста на училиштата во секоја општина, односно организираниот превоз на учениците до училиштата. Всушност, превозот на средношколците до училиштата е неразделен дел од формалното образование и во изминатите години редовно се имплементираше мерката за бесплатен превоз на средношколци од местото на живеење до училиштето во кое учат. Овие активности се во целосна надлежност на општинските власти кои треба да се погрижат средношколците бесплатно да стигнат до местото на учење. Токму поради обезбедување на превоз за учениците и нивно непречено образование, неопходно беше да се испитува ваквата потреба на учениците. Во согласност со резултатите од средношколците, дури 43,10 % истакнаа дека младите од руралните средини имаат проблем со превозот до училиште. Потребно е Општина Штип во соработка со Советот на млади да се посвети на подобрување на превозот на младите од руралните средини до училиштата, со цел на средношколците да им се олесни пристапот до училиште, така што ќе обезбеди еднаквост и рамноправност со младите од урбаните средини.

Врсничкото насилство (булингот) и насилството во училиштата се тема на која особено се фокусираат граѓанските организации и меѓународната заедница, имајќи ги во предвид случувањата во изминатите години и постоењето на тензии помеѓу средношколците како и појавата на говорот на омраза. Во согласност со податоците од истражувањето, највисок процент од средношколците во Општина Штип, 37,24 %, изјавиле дека во училиште забележале намерно задевање на некој соученик и нарекување со погрдни имиња; 19,25 % забележале уништување на предмети или објекти на училиштето, додека 7,95 % од средношколците забележале намерно туркање на некого. Ваквите состојби објаснуваат дека е особено важна едукацијата во спречувањето на сите форми на насилството како и од врсничкото насилство. Во оваа насока, неопходно е Советот на млади, во следниот период, да ја поврзе оваа тема со неформалното образование, бидејќи средношколците го сметаат неформалното образование за неопходно во целиот образовен процес којшто ги едуцира за нивните права. Ваквото поврзување и давањето на значење на овие теми и преку процесот на неформално образование може да придонесе многу повеќе за едукација на средношколците. Активностите кои ќе ги спроведува Советот на млади на Општина Штип на оваа тема секогаш ќе се во соработка со Општината, училиштата и граѓанските организации, со цел да се постигне поголем ефект кај младите на оваа тема.

Еден од предизвиците со кои се соочуваат средношколците на локално ниво, а кои 89,1 % го изнесуваат како голема потреба е дека младите во Општина Штип имаат потреба од многу повеќе библиотеки и читални кои се добро снабдени со книги. Ова е сериозен индикатор, особено ако се земе предвид дека Општина Штип е средношколски, но и студентски, односно универзитетски центар, во кој многу средношколци и студенти доаѓаат да го остварат и надградат своето образование. Според тоа, и потребите на студентите одат во таа насока, односно унапредување на стручниот фонд кој им е потребен за нивно студирање. Иако примарна надлежност на општините не е одржување на библиотеките и читалните надвор од училиштата и факултетите, особено кога станува збор во образованието, сепак, младите во согласност со податоците истакнуваат дека ова се нивните најголеми потреби. Советот на млади на Општина Штип во наредните неколку години ќе се посвети на спроведување на активности за зголемување на библиотечниот фонд во општината, со цел да може да одговори на потребите на средношколците и студентите и да стане поатрактивен за овие категории на млади.

Карактеристично за Општина Штип, а и неопходно за оваа Локална стратегија за млади, е што оваа Општина претставува и студентски центар со Универзитетот „Гоце Делчев". Во рамките на овој универзитет има 13 факултети на кои се запишани околу 15.000 студенти само на додипломските студии во академската 2016/2017 година. Во согласност со податоците од Државниот завод за статистика, од вкупниот број на жители на Општина Штип 1.712 се студенти запишани на некоја високообразовна институција во Република Северна Македонија. Според овие бројки може да се забележи дека Штип освен што има голем број на млади, како универзитетски и студентски центар има и голем број на млади – студенти од други места кои голем дел од своето секојдневие го поминуваат во оваа Општина.

За потребите на студентите кои не живеат во Штип, а се со студии во овој град, Општина Штип има 4 студентски домови, од кои еден студентски дом го делат студенти и средношколци. Од овие 4 студентски домови, еден е Државниот студентски дом „Браќа Миладиновци", додека другите три студентски домови се во приватна сопственост.

Во рамките на високото образование, на Универзитетот „Гоце Делчев" постои Студентска заедница, односно Студентски парламент кој е претставник на студентите во процесите на донесување на одлуки во високото образование. Но она што е карактеристично за високото образование, кое е регулирано со Законот за високо образование, е дека овој степен на образование ужива посебна автономија, така што и локалните власти немаат никакви ингеренции и право да учествуваат во неговата организација и имплементација. Сепак, влијанието на локалните власти особено треба да е изразено во овозможувањето на студентска средина (инфраструктурни, културни, спортски, образовни можности) која ќе

биде привлечна за што поголем број на студенти, а со тоа и на што поголем број на млади.

Студентите во Општина Штип истакнуваат и други поразлични предизвици од средношколците, со оглед на нивното ниво на образование. Па така, промоција на различните видови на стипендии, можностите за стипендирање, начинот на таргетирање на стипендии и слично, им е многу неопходен на студентите (66,92 %), особено на оние кои сакаат своето образование да го стекнуваат и во друга земја.

Како дел од националниот стратешки документ за млади, Национална стратегија за млади (2016-2025) година, неформалното образование е во посебен фокус, со коешто треба да се придонесе кон зголемен интерес на младите за овие можности. Токму затоа во истражувачките прашања неопходни за оваа Локална стратегија за млади (2016-2025), ваквите аспекти беа земени предвид и за средношколците и за студентите. Во делот на образование, исто како и во другите области ќе бидат презентирани ставовите и на средношколците и на студентите, во поглед на нивните предизвици и препораки со кои се соочуваат на локално ниво.

Неформалното образование, младинските организации, како и студентските организации се многу неопходни за развој на младите во локалната средина. Па така 56,39 % од студентите од Општина Штип истакнале дека им се неопходни повеќе студентски организации кои ќе придонесат за заштита на нивните права. Земајќи ги предвид сите погоре истакнати потреби на младите, поддршката на формите на организирање на младите е неопходна и примарна за задоволување на нивните потреби и справување со предизвиците.

Како дел од националниот стратешки документ за млади, Националната стратегија за млади (2016-2025) година, неформалното образование е во посебен фокус. И во истражувачките прашања за оваа Локална стратегија за млади, неформалното образование е земено предвид за средношколците, студентите и младите на локално ниво.

Неформалното образование е многу важен сегмент од образовниот процес на средношколците и студентите, особено ако се земе предвид дека преку неформалното образование средношколците може да добијат знаења и вештини надвор од формално образовните процеси. Неформалното образование најчесто е врзано со граѓанските организации и зависи од нив, од нивните активности, нивните полиња на дејствување, како и интерес од нивната целна група. Најважното прашање кое средношколците го таргетираат во областа образование, е, всушност, потребата од многу поголема негова застапеност. Средношколците во Штип (62,34 %) истакнуваат дека неформалното образование како што се обуките, летните академии и семинари треба почесто да се застапени за младите во Општината. Истиот ваков став на средношколците го поддржуваат и студентите од Општина Штип (72,18 %). Ако се земе предвид дека младите во Општина Штип одговориле

со 72,8 % дека неформалното образование ги едуцира младите за нивните права, може да го претпоставиме значењето кое го има неформалното образование во оваа заедница и за младите. Од сето ова можеме да заклучиме дека, всушност, застапеноста на неформалното образование се издвојува како предизвик за работа на Советот на млади на Општина Штип, бидејќи младите го истакнуваат нејзиното значење. Од друга страна, преку изјавите од граѓанските организации кои организираат работилници/обуки за деца и млади, се потврдува дека можностите се ограничени во смисла дека не се организираат многу често, но, исто така, се истакнува и проблемот со незаинтересираноста на младите за учество на истите. Ова отвора нов предизвик во однос на спроведувањето на неформалното образование, односно, мотивација на младите за искористување и на постојните и идни можности за неформално образование.

Во согласност со други истражувања на оваа тема[4], локалната самоуправа треба да има посебен интерес во унапредување на состојбата со неформалното образование. Па така, локалната самоуправа за да може да го поттикнува неформалното образование треба да ги испита потребите на младите за неформално образование и да овозможи финансиска поддршка за нив. Токму ваквиот пристап ќе овозможи да се оствари и да се задоволи потребата на младите за неформално образование во општината.



Во согласност со истакнатите проблеми на средношколците и студентите, Советот на млади на Општина Штип при изработка на акциските планови и при креирање и имплементација на активностите, особено ќе ги земе предвид предизвиците кои се истакнати во оваа Стратегија, за да може да одговори на потребите на младите. Како најголема потреба на младите на Општина Штип е недостатокот од обуки, летни академии и семинари како дел од неформалното образование, поради што Општина Штип преку Советот на млади и неговата соработка со граѓанските организации ќе се обиде да го зголеми бројот на овие активности. Преку соодветно стимулирање на граѓанските организации, како и преку самостојно креирање и спроведување на обуки, ќе се промовира поголемата застапеност на неформалното образование во Општината.

4 Буова, Е., Додовски, И., "Неформално образование во Република Македонија: Состојби и предизвици", МКЦ Битола, 2009 достапна на http://mkcbt.org.mk/mkc/wp-content/uploads/2015/03/MKC-BitolaNFOpublikacijaMK.pdf

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА ОБРАЗОВАНИЕ

**ЦЕЛ: Неформално образование кое ќе ги задоволи интересите на младите и ќе ја поттикнува нивната креативност и позиција во општеството**

- Зголемена поддршка на младинските, студентските и средношколските организации за унапредување на неформалното образование во Општина Штип.
- Поттикнување на соработката помеѓу образовните институции и младинските организации со намера да се обезбеди надополнување на формалното образование со неформални методи на образование и пристап до сите теми од интерес за децата и младите од најрана возраст.
- Промоција преку средствата за информирање на младите за активностите и можностите кои ги нуди неформалното образование.
- Предвидување на активности со кои ќе се зголеми учеството на млади, студенти и средношколци во креирањето на услови за неформално образование во Општина Штип.
- Зголемување на библиотечниот фонд и бројот на библиотеки и читални во Општината.

# ОБЛАСТ: СОЦИЈАЛЕН СТАНДАРД

Социјалниот стандард е една многу широка тема која во себе вклучува многу важни прашања за младите, почнувајќи од процесот на вработување, па сè до процесот на основање на сопствен дом. Во оваа област темите кои беа истражувани меѓу младите, со цел да се опфатат во Стратегијата беа: младинско вработување и самовработување; бенефиции кои ги уживаат младите во нашето општество; како и домување на млади и млади брачни парови.

Во последните неколку години, има значителни промени во возрасната структура на населението, тренд што, најверојатно, ќе продолжи и во следните неколку децении. Учеството на децата (на возраст до 14 години) во вкупното население е намалено од 22 на 17,4 %, додека учеството на постарото население (од 65 и повеќе години) се зголеми од 10,1 на 11,8 %. Учеството на младите (од 15 до 24 години) се намали од 16,1 % во 2005 година на 10,7 % во 2010 година[5].

Вработувањето претставува еден многу важен чекор во животот на секој млад човек, особено за неговата/нејзината себереализација и трансформација во едно општество. Вработувањето, најчесто, претставува и прв чекор кон достигнување на финансиска и социјална независност [...] тесно поврзан со квалитетот на животот на младите луѓе, нивната самодоверба, можностите за мобилност, но и практични одлуки поврзани со домувањето, градењето на семејство и трасирањето на патот на идниот професионален и кариерен развој[6].

Сепак, невработеноста кај младите сé уште е многу висока и потребни се активности и на централната и на локалните власти со цел да се унапредува ваквата положба. Во прилог има податоци за невработеноста кај младите на ниво на цела држава за изминатите 3 години, како и циклусот на движења[7].

---

5 Акциски план за вработување на млади, 2015 година, Министерство за труд и социјална политика, Скопје 2012 година, http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/vrabotuvanje_mladi_akciski.pdf.

6 Национална стратегија за млади 2016-2025 година

7 Стапки на невработеност на населението на возраст од 15 години и повеќе според полот и возраста, по години, www.stat.gov.mk

Стапки на невработеност на населението на возраст од 15 години
и повеќе според полот и возраста, по години




Како клучни предизвици кои влијаат на нивото на невработеност кај младите се издвојуваат општата економска состојба во Република Северна Македонија, која, пред сè, резултира со недостиг на соодветна понуда на работни места по обем и квалитет. Според Акцискиот план за вработување на младите, 2015 година, ниската стапка на вработеност кај младите во земјава се должи на задоцнетиот влез во светот на работа поради проблемите при пронаоѓањето на првото вработување, како и на високата стапка на неактивност поради образование.

Според истражувањето на Светска банка „Побарувачка за вештини во Македонија"[8], спроведено на околу 1.700 фирми, домашните работодавци сугерираат дека на младите кои се дел од пазарот на труд им недостасуваат вештини како - одговорност, мотивација, комуникација, грижа за корисници, тимска работа, на сметка на специфичното знаење. Во Националната стратегија за вработување 2015 година[9] и Придружниот акциски план е истакната заложбата на Владата за решавање на состојбата со вработеноста на младите лица поради нивната ранливост и изложеност на социјална исклученост. Утврдените клучни предизвици ги вклучуваат: (1) зголемувањето на економскиот пораст и стапката на инвестиции поради зголемување на бројот на работни места; (2) подобрувањето на целокупното ниво на вработеност, особено на младите лица, долгорочно

8 Rutkowski J., "Demand for skills in Macedonia, Technical note to serve as input for a World Bank workshop at Macedonian government", 2010

9 Национална стратегија за вработување 2015 година, достапна на http://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

невработените и поединците со ниско ниво на образование; (3) подобрувањето на релевантноста на системот за образование и обука за пазарот на труд; и (4) намалувањето на неформалната вработеност. Справувањето со овие предизвици бара синхронизирани политики во областите на инвестиции, промовирање на претпријатијата, образование и обука, социјален дијалог и активни политики за пазарот на труд.

Во согласност со Националната стратегија за млади (2016-2025), главни аспекти на младинската (не)вработеност се времето потребно за премин од образование во работа, искористеноста, односно неискористеноста на младите како работна сила - не само во смисла на нивно вклучување во активната популација туку и нивно поставување на работни места кои се во согласност со нивните квалификации (поради целосно искористување на нивниот потенцијал), како и карактеристиките на работните места на кои се вработени младите (определено/неопределено, самовработување, цело/парцијално работно време итн.)[10]

За да се намали ваквата состојба со младинската невработеност во Република Северна Македонија, еден од начините беше спроведување на мерки за самовработување и вработување кај млади лица до 29 години. Овие мерки во себе вклучуваа и низа активности за унапредување на работните вештини кај младите. Според тоа, ова е и мислењето на средношколците од штипските средни училишта од кои 89,12 % сметаат дека нема достапни обуки кои би ги зголемиле работните вештини кај младите. Ова е особено важен предизвик, ако се земе предвид дека работните вештини и способност за работа кај младите се еден од главните аспекти за вработување.



На студентите, во текот на нивното студирање им е потребен многу поголем фокус за развој на нивните вештини и знаења за подоцнежно лесно преминување кон пазарот на труд. Токму затоа 70,68 % од студентите истакнале дека имаат потреба од обезбедување на студентска практика во текот на нивното студирање, 64,66 % истакнале дека имаат потреба од развој на вештините за отворање на свој бизнис и развој на бизнис-идеи, додека 59,58 % од студентите истакнале дека имаат потреба од повеќе волонтерски позиции во државните институции и институциите на локалната власт за развој на своите вештини.

Со оглед на тоа дека во минатото биле имплементирани мерки за вработување и самовработување, 51 % од младите сметаат дека младите се доволно информирани и запознаени со повиците/огласите за самовработување и вработување, но висока бројка од 62,7 % од младите не познаваат млади кои досега ги искористиле мерките за зголемување на вработеноста кај младите, односно немаат никакви информации за ова. Ваквата состојба може, од една страна, да

10 Национална стратегија за млади 2016 – 2025 година, Агенција за млади и спорт, http://arhiva.vlada.mk/registar/?q=node/517

значи дека младите знаат за политиките/мерките за вработување, но неопходна им е помош и поддршка во нивното искористување. Но, од друга страна, може да значи дека младите не се доволно заинтересирани за искористување на мерките поради неатрактивноста или некоја друга причина. Но, ваквите информации претставуваат одлична основа за Општината и Советот на млади да предвиди низа мерки во соработка со училиштата, универзитетите и Агенцијата за вработување за унапредување на ваквата ситуација, и за поголема поддршка на младите во оваа област.

Во изминатите години освен мерки за зголемување на вработеноста кај младите беа спроведени и мерки за поддршка на самостојното домување на младите[11]. Бидејќи мерките за домување, исто како и мерките за вработување се дел од социјалните пакети за младите, неопходно беше да се испитува и ваквата состојба на локално ниво во општината. Па така, висока бројка од 84,52 % од испитаниците кажале дека младите многу тешко може да си овозможат сопствено место за живеење и да се издвојат од потесната семејна заедница. Ваквиот процент оди во корелација и со можноста не само на младите индивидуално, туку и на младите брачни парови да може да си дозволат сопствено место на живеење: 71,1 % од испитаниците кажале дека младите брачни парови тешко може да си дозволат сопствено место за живеење. Всушност, ваквите проценти во Општина Штип се во корелација и со погоре истакнатото истражување. Но, во однос на запознаеноста со мерките, средношколците-испитаници во Штип истакнуваат дека младите се запознаени со мерките за млади брачни парови за обезбедување на сопствено место на живеење. Па така, 51 % од испитаниците одговориле дека младите брачни парови се запознаени со поволностите од овие мерки. Во ваков контекст се остава простор на Советот на млади, во соработка со соодветните институции, да имплементира активности за промоција за да придонесе кон поголема искористеност на овие мерки во иднина, како и при излегувањето на нови мерки, да прави соодветна промоција со цел да може да стигне соодветна информација до младите.

Покрај вработувањето и домувањето, социјалните бенефиции за младите вклучуваат и многу други сегменти како би им се овозможило да живеат квалитетен културен и образовен живот на локално ниво. Пример за такви мерки кои се спроведуваат се: бесплатниот превоз, поевтините карти за културни настани наменети за средношколците и студентите, поевтината храна во бифе и слично. Средношколците во Штип се согласни (69 %) дека младите немаат социјални бенефиции, како што се попустите во културните установи, јавниот превоз, како и попустите на услугите кои редовно ги користат.

11 Проект „Купи куќа, купи стан", www.kupikukakupistan.gov.mk

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОБЛАСТА СОЦИЈАЛЕН СТАНДАРД

**ЦЕЛ: Унапредување, зголемена информираност и искористување на социјалните бенефиции на локално ниво од страна на младите**

- Спроведување на мерки во соработка со надлежните институции и граѓански организации кои заеднички ќе овозможат за поголема едукација, промоција и самодоверба кај младите при искористување на социјалните бенефиции во Општина Штип.
- Спроведување на мерки за зголемување и унапредување на вештините на младите за нивна зголемена вработеност и конкурентност на пазарот на трудот, и зголемена способност за да можат да одговорат на предизвиците на работните места.
- Информирање и поддршка на младите за можностите за вработување и самовработување на млади преку соработка со надлежни институции.
- Анализа и унапредување на можностите и условите за домување на студентите и средношколците во рамките на студентските и ученичките домови во Општина Штип.
- Поддршка и развој на волонтерството во рамките на Општина Штип.
- Овозможување на социјални бенефиции за млади за унапредување на квалитетот на нивниот живот во Општина Штип.

# ОБЛАСТ: МИГРАЦИЈА

Миграцијата е особено важна за секоја држава, а особено за земјите кои се економски послаби, па затоа населението се решава да мигрира во други земји. Миграциите може да предизвикуваат најразлични текови во економијата, а според тоа да влијаат и на стандардот во едно општество, како и квалитетот на животот којшто ќе го живеат младите во одредени региони. Со менувањето на бројната состојба на населението, со оглед на тоа дека обично мигрира младата, репродуктивно способна популација, се менува и старосно-половата структура на населението, со што индиректно се влијае врз интензитетот на природното движење на населението.

Во Република Северна Македонија се препознава внатрешна и надворешна миграција на населението, односно менување на живеалиштето внатре во рамките на земјата, како и промена на живеалиштето во некоја друга земја. За надворешната миграција во Република Северна Македонија се зборува многу долго време, па се шпекулира и со бројот на отселени граѓани. Но, за внатрешната миграција се зборува многу малку и ретко кој има спроведено некакви истражувања на оваа тема, а особено за ефектите од ваков вид на миграција. Извори на податоци за механичкото движење на населението (преселувањата) се пријавите-одјавите за доселени-отселени лица што се пополнуваат во надлежните стручни служби на Министерството за внатрешни работи[12].

Ваквите статистики се особено важни ако се има предвид дека Штип е град кој е средношколски и студентски центар, па поимот на внатрешна миграција е неопходно да се разгледува дури и од овој аспект.

Во согласност со официјалните податоци од Државниот завод за статистика, бројот на отселени млади од Општина Штип варира во изминатите години, односно во некои години опаѓа, а во некои се зголемува. Сепак, може да се забележи дека во 2016 година, трендот на мигрирање на младите од Општина Штип опаѓа. Од табелите подолу може да се заклучи дека најголем процент на млади кои се отселуваат од општината се младите на возраст од 25 до 29 години, потоа младите на возраст од 20-24 години, додека најмалку мигрираат младите од 15 до 19 години. Во овие табели на Државниот завод за статистика се регистрирани само оние млади

12 Државен завод за статистика, население, http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2

кои официјално по промена на адреса или престојувалиште се заведени пред државните органи. Со ова се претпоставува дека средношколците и студентите кои заминале на студии во некој друг град не се заведени во овие табели.

Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години






Од овие приложени статистики од Државниот завод за статистика, на нивниот официјален сајт може да се забележи дека многу повеќе има отселување на млади од женската популација, во споредба со млади од машката популација, иако во 2014 година, статистиката покажува обратен тренд.

Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години



Внатрешни миграции: Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години




За да може соодветно да се разгледува  оваа тема треба да се види трендот на доселување на млади во Општина Штип во изминатите неколку години. Во некои случаи може да станува збор и за поголем број на доселени млади од оние кои се отселени.



Внатрешни миграции: Доселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години




Имајќи предвид колку оваа тема е важна за условите во кои ќе се развива Општината, односно младинските и образовните политики, преку вклучените прашања во прашалникот, целта беше да се дознае ставот и перцепцијата на средношколците и студентите на оваа тема. Па така, беа вклучени прашања

за миграциите на младите поради работа или студирање внатре и надвор од Република Северна Македонија, нивно враќање во заедницата и слично. Овој дел од прашалникот и прашањата во него се поделени на два дела, односно на миграција која се случува преку иселување од општината (иселување во друг град или друга држава) и миграција која се случува внатре во рамките на општината (миграција од село во град и обратно).

Анализирајќи ги добиените одговори од младите во Општина Штип, може да се заклучи дека едни од највисоките проценти за проблеми и предизвици на локалната заедница беа токму во оваа област. За Советот на млади особено ќе е важно во следниот период да се посвети кон подлабинско истражување за овој проблем, како би можел најдобро да им помогне на општинските власти соодветно да одговорат на овие предизвици.

Во истражувањето, најизразени се процентите на средношколци (89,96 %) и студенти (78,95 %) кои сметаат дека надворешната миграција на млади за пронаоѓање работа во друга држава е најголемиот проблем со кој се соочува локалната заедница, па може да се каже дека примарна причина за иселување на нашите млади во друга држава е вработувањето. Исто така, средношколците (54,81 %) и студентите (65,41 %) сметаат дека младите заминуваат од општината да најдат работа во друг град во Република Северна Македонија. Иако овој процент е значително помал од оној за надворешната миграција, не смее да се занемари имајќи предвид дека младинската невработеност е еден од најголемите проблеми. Покрај ова, сепак, средношколците и студентите истакнуваат дека миграцијата се случува и поради вклучување во високо образовниот процес на други универзитети, односно во други градови. Па така 66,95 % од средношколците и 56,39 % од студентите велат дека младите ја напуштаат својата Општина за да студираат во друг град; исто така, средношколците (65,55 %) и студентите (51,13 %) алармираат дека младите по завршувањето на своето високо образование ретко се враќаат во својата локална заедница. Фактот дека висок е процентот на Штипјани кои го напуштаат Штип за да студираат пример во Скопје е многу важен податок ако се има в предвид дека Штип има Универзитет на своја територија, но битно е да се разгледува низ призмата дека можеби младите одат да студираат на други универзитети заради поширок спектар на студии и професии/факултети, за разлика од она што се нуди во Штип. Она на што Општината и Советот на млади - во ефикасна и континуирана соработка со локалните власти, државните институции, како и образовните институции - треба да се фокусираат во следниот период е да се обезбедат подобри услови за младите за водење на поквалитетен живот и многу повеќе можности за надградување на нивното знаење, како би можеле преку вакви активности и методи да ги задржат младите во локалната заедница. Резултатот на овие активности би бил, покрај задржувањето на младите во локалната заедница, и враќање на младите после

процесот на студирање. Всушност, средношколците (65,55 %) и студентите (51,13 %) алармираат дека младите по завршување на своето високо образование ретко се враќаат во својата локална заедница. Па затоа, токму активностите на Советот на млади кои ќе одат во насока на подобрување на условите за живот на младите во Општина Штип се неопходни. Но, за спроведување на сеопфатен пристап во соочувањето со овој предизвик, мора да се развие континуирана соработка со локалните власти, државните институции, како и образовните институции.

Во другиот дел на прашалникот се истражуваа потребите и задоволството на младите, како и разликите во квалитетот на живот помеѓу младите од руралните и младите од урбаните средини во Општината. Па така, еден од предизвиците за кои зборуваат средношколците и студентите и на кои треба да се работи во следниот период е унапредување на можностите (култура, спорт, забавен живот, образование) за младите кои живеат во руралните средини, како и подобрување на редовниот превоз за младите од руралните средини кон урбаниот дел на општината, што е еден од предизвиците кој го истакнуваат студентите (41,35 %). Иако не се така значително големи проценти, во споредба со миграцијата во други градови, односно други држави, сепак, младите зборуваат и за овие проблеми.



## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОБЛАСТА МИГРАЦИЈА

**ЦЕЛ: Намалена миграција на младите од Штип преку поддршка и промоција на активности за подобрување на нивниот квалитет на живот**

- Намалена миграција на младите која е поттикната од економски причини.
- Таргетирање на потребите на младите во Општината за спроведување на соодветни мерки за спречување на иселувањето на младите во истата.
- Унапредување на квалитетот на живот на младите во Општина Штип во текот на образовниот процес, но и по неговото завршување.

# ОБЛАСТ: ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА

Здравјето на младите е особено важна тема за секоја земја, земајќи предвид дека здравјето на младите ја обезбедува иднината на таа земја. Здравјето е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или телесни недостатоци[13]. Токму поради ваквата широка дефиниција, во согласност со Светската здравствена организација, оваа област во себе вклучува најразлични аспекти, како, на пример: соодветни здравствени установи, сексуално образование, најразлични пороци во животот на младите, здрави животни навики, сообраќајна заштита, чувство на сигурност во заедницата и слично. Грижата за здравјето на младите беше една од темите кои се опфатија со истражувањето за да се утврдат ставовите и перцепциите на младите за нивната здравствена благосостојба.



Во согласност со Националната стратегија за млади (2016-2025), доброто здравје во адолесценцијата е од централно значење за благосостојба и основа за доброто здравје подоцна во животот. Сепак, ние не инвестираме доволно во превенција и рана интервенција со млади луѓе на возраст од 15 до 29 години, па кога проблемите ќе се јават, тие се соочуваат со бариери во пристапот до соодветна грижа. Има охрабрувачки трендови, како што се намалување на бројот на пушачите, активности поврзани со превенција и третман за ХИВ/СИДА, но, исто така, има и големи нееднаквости во здравството. Во однос на услуги, останува потребата за повеќе младински пријателски сервиси/услуги и врсничка поддршка, повеќе работна сила за обука на развој на адолесцентната група и подобро разбирање на принципот на доверливост[14].

Кај нас, за жал, здравствената статистика отсуствува од официјалните информации и ретко е сегрегирана по возраст. Најчест извор за случувањата и флуктуациите во здравството се истражувањата од граѓанскиот сектор, или, пак, наменските истражувања на државните институции за подготовка на некој

13 Дефиниција според Светската здравствена организација

14 Анализа за Националната стратегија за млади (2016-2025) година, www.strategijazamladi.mk

стратешки документ. Но, она што може да се заклучи од сите овие истражувања е дека состојбата со здравјето и превенцијата кај младите е добра[15].

Најважното право кое го имаат младите во здравствениот систем е правото на бесплатно здравство. Всушност, на младите до 18-та година им е загарантирано ваквото право преку нивните родители. После 18 години младите кои не се вработени и, притоа, немаат никакви приходи, или најмногу до износ од 120.960,00 денари во претходната година имаат право да ја користат услугата на бесплатно здравствено осигурување следната година. Дури 70,82 % од средношколците во Штип сметаат дека младите не се запознаени на каков начин може да го стекнат, односно да го изгубат ова право од здравственото осигурување наспроти 36,64 % од другите млади. Во согласност со процентите, младите се многу позапознаени со користење на правото на бесплатна здравствена заштита и негово губење наспроти студентите кои се категорија која најмалку е запознаена со можностите на губење на ова право од здравствениот систем. Но, самиот чин на обезбедување на бесплатна здравствена заштита не значи дека таа услуга истовремено е квалитетна и одговара на потребите на младиот човек. Според тоа 79 % од средношколците сметаат дека не добиваат квалитетна здравствена заштита и дека има простор и можност за унапредување на овој квалитет. Во оваа насока, локалната самоуправа преку Советот на млади, а во соработка со здравствените институции, активно ќе работи на промоција на сите права од здравствената заштита за млади, со цел да може да постигне висок степен на запознаеност на младите со можностите кои им стојат на располагање, како и на едукација на младите за начините за искористување на овие права, за да може и младите од руралните и младите од урбаните средини да ги искористуваат овие права.

Со цел да се доведе до максимум задоволството и исплатливоста на здравствените услуги кои им се даваат на младите, истите треба да бидат замислени во согласност со нивните потреби и во одредени случаи да се разликуваат од оние на возрасните. Истите треба да бидат насочени кон обезбедување соодветни информации во врска со унапредување на здравјето и превенција на болестите, како и вклучување на психолошка и социјална поддршка.

Младоста е период на големи промени и експериментирање низ кој поминува секоја личност. Здравствените навики и однесување воспоставени и научени во овој период се пренесуваат во текот на животот и имаат влијание во постарата возраст. Ваквите навики вклучуваат исхрана, пушење, пиење алкохол, употреба на дроги и други психоактивни супстанци, однос кон физичката активност и сексуалните навики[16].

15 Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Извештај за состојбата со младите, декември 2014 година

16 Акциски план за имплементација на Националната стратегија за млади 2009 година

Особено важен сегмент од прашањата за здравствена заштита на младите беа прашањата за присуство на девијантни појави кај младите, безбедноста во заедницата и безбедноста во училиштата. Сериозно висок процент на студенти (51,88 %) во Штип сметаат дека младите имаат недостаток на волја или зголемен степен на незадоволство. Покрај ова, 66,53 % од средношколците и 48,87 % од студентите се изјасниле дека младите често потпаѓаат под пороци (дрога, алкохол, цигари), како и 64,4 % од средношколците од Штип кои сметаат дека младите многу често играат игри на среќа, како - обложувалница, казино и слично. Ваквите појави се третираат како девијантни појави и најчесто надлежните институции водат и статистички анализи за нивото на застапеност, но и сериозни кампањи во борба против нив. Кај нас, речиси и да нема информации колкава е нивната застапеност од причина што многу ретко се истражуваат овие појави. Сепак, последното истражување на Институтот за јавно здравје[17], покажува зголемена употреба на дрога од страна на младите, што е особено загрижувачки факт.

Вториот сегмент којшто оваа Локална стратегија за млади ја разгледуваше е перцепцијата и искуствата на младите за нивото на сигурност во рамките на сигурноста на одредени места во Општината, но и во рамките на сообраќајот којшто се одвива во истата. Па така, средношколците од Штип се чувствуваат безбедно кога се движат во кој било дел на Општината во вечерните часови, но и воопшто, средношколците чувствуваат дека е безбедно да се движат во сите делови на Општината. Сепак, мислењата на средношколците се поделени кога станува збор за сообраќајната култура, како и движењето како пешаци. Па така 54,5 % од младите во Општина Штип кажуваат дека во Општината е отежнато возењето на автомобил, поради непостоење на сообраќајна култура за возење, како и 62,34 % од средношколците и 43,61 % од студентите кои велат дека и движењето како пешак е отежнато поради тоа што нема соодветна инфраструктура. Во согласност со податоците и објавите на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот, младите возачи се категорија која најмалку го почитува ограничувањето за брзина на движење. Кога зборуваме за учество во сообраќајни незгоди, младите до 25 години се склони кон учество во сообраќајни незгоди. Ризикот може да се огледа во неколку аспекти, прво во неискуството, понатаму во склоноста кон ризично однесување и трето во почетничките грешки коишто ги прават младите возачи. Во првите години, генерално, младите возачи не се свесни со кои ризици ќе се соочат во сообраќајот[18].

17 "Употреба на психоактивни супстанции помеѓу општата популација во Република Македонија," 2017, Институт за јавно здравје, http://iph.mk/wp-content/uploads/2017/11/KLUCNI-REZULTATI-OD-ISTRAZUVANJE-ZA-UPOTREBA-NA-DROGI.pdf

18 Трибина „Младите и безбедноста во сообраќајот", Куманово, повеќе информации на http://www.rsbsp.org.mk/rsbsp-na-tribina-na-tema-mladite-i-bezbednosta-vo-soobrakjajot-vo-kumanovo

Во однос на безбедноста се истражуваа и средини во кои младите може да се чувствуваат безбедно или небезбедно, а во кои редовно се движат. Па така, за младите најбезбедна средина се образовните објекти (62,34 %), потоа центарот на општината (51,05 %), како и патот којшто го минуваат од дома до училиште и обратно. За средношколците најнебезбедни се автобуските станици (33,89 %), иако сите одговори зборуваат дека, генерално, безбедноста на младите во Општина Штип е на високо ниво.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОБЛАСТА ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНЦИЈА

**ЦЕЛ: Зголемување на информираноста и промоција на здрави животни навики меѓу младите**

- Информирање на младите од Општина Штип за правата на здравствена заштита и осигурување и обврските кои произлегуваат од нив.
- Промоција и едукација на младите за здрави животни навики.
- Превенција на девијантни појави меѓу младите во Штип преку координирана соработка со надлежните институции (здравствени установи, училишта) и граѓански организации кои работат во оваа област.
- Спроведување на инфо-средби и сесии за подигање на свесноста и едукацијата на младите за сообраќајната култура.

# ОБЛАСТ: МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

Меѓуетничката интеграција во нашето општество е многу важна на сите нивоа, особено ако се земе предвид дека е определена и со највисокиот правен акт на Република Северна Македонија. Па така членот 8, алинеја 2, со Амандманот VI на Уставот се предвидува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа[19]. И покрај предвидувањето на оваа тема со највисокиот акт во земјата, сепак, посебни области кои се важни за младите (образование, здравство и слично), меѓуетничката интеграција се регулира и со посебни закони (Закон за основно образование, Закон за средно образование, Закон за локална самоуправа и слично). Градењето и предвидувањето на меѓуетничка интеграција во сите младински политики е неопходно, првенствено, зашто ваквите политики претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градење на кохезивно општество. За да може да се сфати соодветната употребливост на темата - меѓуетничка интеграција, првенствено, мора да се разбере како интеграција помеѓу сите етнички заедници во едно општество, без разлика на нивната бројност. Учениците и студентите во Република Северна Македонија, прво, треба да научат да ги разбираат, да ги прифаќаат и да ги почитуваат разликите за да се интегрираат во сопственото општество. Потоа, тие може да тежнеат кон потполна интеграција во европското семејство[20].

Сепак, она што е карактеристично во реалноста е намалување на интеграцијата, особено во образовниот процес и сѐ поголемо сегрегирање на учениците по етникуми. Ваквите забелешки одат во насока и на изјавата, дадена на 718 пленарна средба на Постојаниот совет на ОБСЕ, Високиот комесар за национални малцинства на ОБСЕ[21], кој изјавува дека „има алармантен тренд

19 Устав, „Службен весник на Р. М.", бр. 91/2001

20 Виолета Петроска-Бешка, Мирјана Најчевска, Николина Кениг, Сафет Балажи и Ана Томовска, Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, 2009 година

21 Statement by Knut Vollebaek, OSCE High Commissioner on National Minorities, The 718th plenary meeting of the OSCE Permanent Council (2009)

на раздвојување по етничка линија". Од страна на Комесарот до министерот за образование се поднесени специфични Препораки за интеграција низ образованието[22]. Во Извештајот се потенцира дека сегрегираното образование чини многу скапо кога се обидуваме да изградиме кохезивни општества и дека интегрирано образование не се состои само во доведување на децата од различни етнички групи во една училница, туку за демократско и децентрализирано управување со училиштата, за интересни и инклузивни учебници, за вонучилишни активности, како и за деполитизирани програми и учебници. Според Комесарот, ова е област во којашто земјата заостанува поради што меѓуетничката толеранција повторно треба да биде ставена на дневен ред, а образованието треба да стане дел од една многу поширока национална стратегија за промоција на интеграцијата во градењето на мултиетничкото општество[23].

Поради сè што претходно е изложено погоре, Советот на млади на Општина Штип во спроведените прашалници ја вклучи и оваа област, како особено важен сегмент од воспитно-образовниот процес во секој степен на образованието. Во Општина Штип како и во сите други општини има млади кои се припадници на други етнички заедници освен македонската[24]. Со спроведеното анкетирање/прашалници за потребите на оваа стратегија, опфатени се млади од етничките заедници на Власи, Роми, Турци и други етнички заедници, што го дополнува аспектот за меѓуетничка интеграција во нашата локална заедница.

Од сите одговори во рамките на оваа тема, може да се извлече еден генерален заклучок дека меѓуетничката интеграција, дружењето и меѓусебното почитување се на високо ниво, односно 66,27 % од средношколците истакнале дека без разлика на етничката припадност, младите во Општина Штип одат на исти места и се дружат во исти кафулиња. Ова е одличен показател имајќи предвид, дека дружењето и културниот живот е важен сегмент од животот на младите и може многу да придонесе кон меѓусебна почит и интеграција. Во оваа насока одат и одговорите на студентите во Штип дека младите од различни етнички заедници спроведуваат заеднички активности организирани од училиштата, но и од граѓанските организации. Одлично е што и организациите, а воедно и училиштата во формалниот образовен процес предвидуваат заеднички активности меѓу младите и го поддржуваат дружењето, развојот, но и начинот на учење и споделување на знаење.

Во рамките на темата Меѓуетничка интеграција, беше опфатен и аспектот на говор на омраза и употребата на говор на омраза помеѓу младите во образовниот



22 Recommendations on Promoting Integration through Education, OSCE Office of the High Commissioner on National Minorities, 25.01.2008

23 Recommendations on Promoting Integration through Education, OSCE Office of the High Commissioner on National Minorities, 25.01.2008

24 Демографија на Општина Штип, http://stip.gov.mk/index.php/mk/profil/demografija

процес, но и надвор од училиштата. Во согласност со одговорите од прашалниците говорот на омраза делумно се користи (39,33 %) помеѓу припадниците од различните етнички заедници.



# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОБЛАСТА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

**ЦЕЛ: Овозможени услови за дружење, соработка и меѓусебно разбирање и почитување помеѓу младите во Штип без разлика на нивната етничка припадност**

- Собирање на дополнителни сеопфатни информации за користењето на говор за омраза меѓу младите.
- Подигање на свеста и знаењето на младите од различни етнички заедници за последиците од говорот на омраза и едукација за препознавање и превенција на говорот на омраза меѓу младите во Штип.
- Поттикнување и организирање на активности од страна на Општина Штип за унапредување на меѓуетничката интеграција меѓу младите.
- Креирање на можности и услови за дружење и соработка меѓу младите од различни етнички заедници, како предуслов за надминување на поделеноста.
- Воспоставување на соработка на Советот на млади на Општина Штип со надлежни институции и граѓански организации за превенција од говорот на омраза.

# ОБЛАСТ: МЛАДИНСКО ИНФОРМИРАЊЕ

Кога се зборува и кога се анализира состојбата со младинското информирање, најчесто се мисли на активности и информации кои се од интерес за младите и кои, соодветно, треба да бидат пренесени до нив. Особено е важно во овој процес да се пренесуваат квалитетни, релевантни и навремени информации до младите, кои ќе им помогнат во соодветно и информирано носење на одлуки и остварување на своите права. Според тоа, младинското информирање во себе вклучува многу активности, медиуми, како и институции кои треба да учествуваат во комуникацискиот процес помеѓу институциите и младите и обратно, како и помеѓу самите млади, што ја прави оваа област комплексна. Затоа на ниво на Европската Унија во 2004 година, во Братислава е донесена „Европската повелба за младинско информирање“[25]. Овој документ ја истакнува потребата од посебно стратешко планирање за младинското информирање на ниво на Европската Унија. Па така, во земјите на Европската Унија постојат младински информативни центри, чијашто основна цел е обезбедување и ширење на информации и давање на совети од различни области од животот на младите луѓе. Младинските информативни центри се непрофитни организации коишто работат во интерес на младите, а преку кои се обезбедува тие да бидат информирани за: слободни работни места, волонтирање, образовни и рекреативни можности, културни институции и установи, остварување на социјалните права, мобилност, следење на различни обуки, преквалификација и патување, спортско наградување итн.[26]

Младинското информирање е област која беше опфатена во првата Национална стратегија за млади (2005-2015), но и во тековната Национална стратегија за млади (2016-2025). Иако опфатена и доволно разработувана, сепак, напредокот на оваа тема не беше значаен, сè до пред неколку години, кога

25 Европска повелба за младинско информирање, Братислава, 19 ноември, 2004 година, преведена на http://eryica.org/sites/default/files/European%20Youth%20Information%20Charter%20I%20Macedonian%20Version.pdf

26 Анализа за младинско информирање, Национална стратегија за млади (2016-2025), достапна на www.strategijazamladi.mk

започнаа да се спроведуваат проекти и да се остваруваат соработки на државните институции со граѓанскиот сектор токму во оваа област. Меѓутоа, од сѐ она што претходно е изложено во погорните теми и области, за младите во Општина Штип, може да се заклучи дека информираноста на младите не е на задоволително ниво, и е различна во зависност од темата која се опфаќа, а не е систематизирана и константна. Дополнително, не постојат центри или установи кои на едно место можат да обезбедат голем број на информации кои ќе им бидат на располагање на младите. Исто така, младинските организации во Штип спроведуваат проекти во рамките на кои е опфатено и некакво младинско информирање, но тие не се спроведуваат во континуитет, ниту, пак, има значајни ефекти од нивната имплементација.

Во Република Северна Македонија се спроведени истражувања кои на сеопфатен начин ја опфаќаат темата младинско информирање. Па така, дел од резултатите зборуваат дека во поглед на медиумите кои ги користат младите и преку кои се информираат, интернетот го зазема првото место, што е очекувано во согласност со степенот на неговата искористеност. Па така, во најголем процент младите секојдневно читаат електронски вести (76 %) и користат интернет (75 %), а 67 % користат интернет на мобилен телефон. Потоа, следуваат гледањето телевизија, со 58 %, и слушањето радио, со 40 %. Во однос на печатените медиуми, 14 % од младите никогаш не читаат печатени медиуми и 13 % никогаш не читаат книги. Ако се разгледуваат демографските разлики, може да се забележи дека женските испитанички читаат повеќе книги, а машките играат повеќе видео и компјутерски игри[27].

Според друго истражување за младински трендови за ИССПИ[28], за младите најголем и апсолутно водечки медиум или комуникациски канал, кој секојдневно е користен од четири петтини (80 %) од испитаниците е интернетот. Телевизијата е медиум кој е „секојдневно употребуван" од речиси две третини (59,5 %) од сите испитаници, а „често" пред „малите екрани" се нешто повеќе од една петтина (22,9 %) од анкетираните. Најголем број испитаници радиото го слушаат повремено - 39,5 % или често – 23,3 %. Очекувани се резултатите од истражувањето, дека весниците се медиум кој е најретко секојдневно или често користен.

Ваквиот став на младите покажува дека за младинското информирање еден од најсоодветните канали е интернетот. Во оваа насока, треба да се размисли како да се искористи интернетот за да допрат сите информации до младите, но и за комуникација меѓу младите и институциите. Во согласност со сите погоре изнесени

27 Национален извештај за Македонија од истражувањето „Младите и медиумите", Игнатова, Е., Џамбаска, Д. , Божиновска, М., Божовиќ, С., 2014 година

28 „Младински трендови во Република Македонија", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, декември 2014 година

заклучоци, веднаш зад интернетот е телевизијата како средство преку кое младите добиваат информации и има големо влијание врз нивната информираност.

Оваа област, како дел од оваа стратегија ќе биде анализирана и обработувана и од аспект на запознаеноста на младите со работата на општинските власти и Советот на млади на Општина Штип, но и со потребите од еднаквост и рамноправност во локалната заедница по сите основи.

Почнувајќи од запознаеноста на младите со работата на својата Општина, може да се каже дека 53,56 % од средношколците во Штип имаат доверба како работат општинските власти наспроти 40 % од студентите. Спротивно на ова тврдење стои тврдењето на 70,71 % од младите кои не се запознаени со активностите на Општината исто како и студентите. Генерално, и погорните истражувања во својата содржина покажуваат дека младите не се многу запознаени со работата на власта која е најблиска до нив, односно општинската власт, но во Општина Штип, сепак, имаат доверба во нејзиното работење. Дополнително на ова 79,08 % од средношколците немаат информација за услугите кои ги нудат институциите на локално ниво, како и 66,92 % од студентите кои не се запознаени со услугите кои ги нуди факултетот. Ваквата ситуација остава можност за Општината и Советот на млади во следниот период да се фокусираат на едукација и промоција на активностите и работата на секоја локална институција, за да може младите да добијат соодветни информации. Притоа, неопходно е да се има предвид дека за младинското информирање, потребно е не само младите да ги добиваат информациите, туку и да разберат од каде може да добијат потребни информации од различен вид. Ваквата поставеност на повеќенасочна комуникација во иднина ќе придонесе и до формирање на посебни канали за комуникација, при што младите ќе придонесат и за уште поголема младинска информираност.

Понатаму, во согласност со одговорите од прашалниците, училиштата имаат голем удел во информирањето на младите за нивните права произлезени од процесот на образование. 78,25 % од средношколците од Штип изјавиле дека за своите права се информираат во училиште. Ваквите тврдења се одлични и алатките што се користат во училиштата треба да се земат предвид при планирањето и имплементацијата на активностите за младинското информирање во иднина.

Неопходно е во секој поглед да се инсистира на младинско информирање, бидејќи без соодветна младинска информираност се создава пасивност и немотивираност кај младите што доведува до многу други предизвици за кои на секоја локална заедница и е потребен подолг временски период за да може стратешки да пристапи кон нивно решавање.

Со работата на Советот на млади од Општина Штип е запознаен многу поголем процент на млади. Па така 62,12 % од младите одговориле дека се запознаени со работата на Советот на млади, што е висок процент, но означува

и простор за дополнителна работа за промоција и информирање за Советот на млади, неговата функција и работа на Советот на младинската информираност.

Дополнително, не постојат центри или установи кои ќе можат на едно место да обезбедат голем број на информации кои ќе им бидат на располагање на младите. Затоа, како препорака која ја даваат младите е потребата од Инфо-центар/канцеларија каде ќе можат да се информираат за своите потреби, права, но и да најдат начин како да се справат со своите предизвици. Ова е одлична препорака за Советот на млади на Општина Штип и за општинските власти.

Многу важен аспект, кога станува збор за младинско информирање и еднаквост, мора да се земат предвид и правата на младите од машка и женска популација, како и рамноправноста меѓу нив. Меѓутоа, во оваа област не е важно само какви се правата кои се воспоставени во системот, туку и на каков начин се искористуваат и какво чувство создаваат во локалните заедници. Во поглед на еднаквоста помеѓу машките и женските, испитаниците генерално, одговараат дека се еднакви и машките и женските во однос на практикувањето на своите права. Па, така, девојчињата од руралните и урбаните средини имаат еднакви права како младите од машка популација и можат еднакво да ги остваруваат своите права (79,5 %). Процентите на испитаниците се слични во поглед на дискриминацијата на девојчињата во поглед на образованието, вработувањето и напредувањето и самостојноста. Од испитаниците, 52.72 % сметаат дека не постои дискриминација на младите од женски пол во однос на погоренаведените права, што значи дека еднакво ги искористуваат овие права.

Во заклучок, неопходно е во секој поглед да се инсистира на младинско информирање, бидејќи без соодветна младинска информираност се создава пасивност и немотивираност кај младите што доведува до многу други предизвици за кои на секоја локална заедница и е потребен подолг временски период за да може стратешки да пристапи кон нивно решавање.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИНСКОТО ИНФОРМИРАЊЕ

**ЦЕЛ: Квалитетно и навремено информирање на младите за активностите на младинските организации и институциите на локално ниво преку посебна информативна алатка**

- Зголемена информираност на младите од Општина Штип за работата на Општината, нејзините тела, локалните и државните институции и можностите за услуги и соработка.
- Зголемена информираност и соработка на младите од Општина Штип со институциите на локалната и централната власт.
- Воспоставување на младински информативен центар, кој ќе ги информира младите за сите случувања, активности, тренинзи, обуки, права и слично.
- Воспоставување соработка/платформа меѓу Советот на млади, организациите и институциите за да може младите на едно место да ги пронајдат сите неопходни информации за остварување на своите права и квалитетен живот.

# ОБЛАСТ: МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

Младинското учество подразбира учество на младите во сите процеси на креирање, одлучување, спроведување и евалуација за политиките кои се од нивен интерес и кои се однесуваат на нив. Учеството на младите во процесите на донесување на одлуки им овозможува на институциите да имаат вклучено и уште едно мислење, односно мислењето на младите за кои впрочем се однесуваат тие политики.  Меѓутоа, само со нивното вклучување не се исцрпува целта за учество, туку напротив тоа е процес во кој младите ги идентификуваат своите потреби, бараат решенија, планираат и имплементираат активности и имаат можност да носат одлуки во своите заедници и општеството во целина. Неопходно е младите активно да учествуваат во донесувањето на сите одлуки.

Сепак, кога мислиме на учество на младите, не се мисли само на учество во процесите на донесување на одлуки во институциите, туку на сите нивоа на креирање и имплементација на младински политики. Под младинско учество се подразбира и учеството на младите во граѓанскиот сектор, како и во формите на здружување во текот на образованието и на младинското здружување. Во светот се развиваат многу теории на младинско учество, но најважно е што од сите нив највисокото ниво е кога младите сами за себе ја донесуваат одлуката. Сепак, секоја земја овие теории ги применува на својот локален контекст и општествените прилики, па спроведува различни начини за обезбедување на младинско учество. Најчестите форми на младинско учество кои се забележани во современите европски општества се следни:

- Волонтерска работа;
- Учество во разни форми на неформално образование;
- Врсничка едукација - вклучување на младите во едукација на своите врсници;
- Младински совети, парламенти, форуми и други структури - традиционален начин на учество во процесот на донесување одлуки во рамките на меѓународни, национални, регионални или локални власти, училишта, клубови, граѓански организации итн;
- Коменаџмент системи кои постојат во некои институции (на пример, во Дирекцијата за млади и спорт на Советот на Европа), каде што одлуките се донесуваат заедно на еднаква основа со претставници на младите луѓе и претставници на властите;[29]



29 „Европска рамка за младински политики", превод: Национален младински совет на Македонија, http://www.nms.org.mk/wp-content/uploads/2017/05/COE_A_European_Framework_for_Youth_PolicyNYCM-Macedonian_Translation.pdf

- Консултации - се користат во процесот на донесување одлуки да се искажат грижи и потреби, да се дадат предлози.

Во Република Северна Македонија, учеството на младите во процесите на донесување на одлуки, сега за сега во секоја општина е различно, во зависност од степенот на развиеност на советите на млади и младинскиот граѓански сектор, но и во зависност од волјата на локалните власти за вклучување и консултирање на младите. Слична е ситуацијата и на национално ниво. Нема соодветни канали за комуникација со младите, ниту добра практика за консултација и учество на младите во донесувањето на одлуки. Ваквата ситуација на нерегулираност, младинското одлучување го става пред сериозен предизвик, и, оставено е на самата борба на младите за нивната влијателност во општеството, но ја одразува и општествената посветеност на младите како граѓани. Дополнително, локалните самоуправи и владините институции не одвојуваат доволно средства за младинските потреби и реализација на нивните идеи и многу малку придонесуваат во поттикнувањето на волонтерството кај младите иако поголем дел од младата популација го поддржува ваквиот ангажман како подготовка за да стапнат поспремни на нивните идни работни места[30].

Значајна улога и големо влијание извршија граѓанските организации во оваа област со намера да се иницира воспоставување на формални механизми за младинско учество како на централно, така и на локално ниво. Ваквите процеси, генерално, започнаа во текот на 2014 година, а беа дополнети и со одлука на Владата на Република Северна Македонија, за основање локални совети на млади во сите општини во текот на 2015 година. Сепак, некои од општините овој процес го започнаа многу порано, во текот на 2008/2009 година, каков што е примерот со Општина Штип. Со тоа, Општина Штип беше меѓу првите општини кои го започнаа овој процес во интерес на младата популација, за да ги вклучат во донесувањето на одлуките во рамките на општината, и како резултат, овде беше формиран првиот Совет на млади. До денеска Советот функционира во рамките и со поддршка од општинските власти, кои на секаков начин го стимулираат работењето на младите во интерес на младите. Работата на Советот на млади на Општина Штип почнува од промоција и застапување за младинските права на локално ниво, учество во процесот на креирање на Локална стратегија за млади (2011-2015) и негова поддршка, учество и организација на настани, поддршка на младите за унапредување на работните вештини, поддршка на младите за стипендии и студентски размени, како и вмрежување и соработка со други младински совети. Дополнително, секој млад човек може да се обрати и да ги предложи своите ставови и идеи, да учествува во планирање и спроведување на различни активности, и така да придонесе кон унапредување на улогата на

30 „Младински потреби и младинско организирање во Р. М.", Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010 година.

младите на локално, но и на национално ниво. Советот на млади спроведе и процес за креирање на Локална стратегија за млади (2019-2023) на јавен, транспарентен и инклузивен начин со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Ваквата позиција, Советот на млади на Општина Штип ја позиционира меѓу најактивните совети на млади и претставува соодветен и добар пример за сите.

По завршувањето на важноста на претходната Стратегија, Советот на млади спроведе и процес за креирање на нова стратегија, на јавен, транспарентен и инклузивен начин. Токму оваа Стратегија, во согласност со нејзината методологија треба да ги изрази потребите на младите за следните години. Процесот на подготовка на нова стратегија во Општина Штип е поддржан од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Меѓутоа, и покрај тоа што младите во Општина Штип имаат можност да учествуваат во работата на Советот на млади, во Општина Штип има и младински организации со различен фокус на активности. Штип како средношколски и студентски град, исто така, има средношколски и студентски заедници и организирања, кои ги претставуваат интересите и на средношколците и на студентите. Бидејќи младинското учество не се разбира само како учество на младите во донесувањето на одлуки во институциите, ваквите видови на здружувања и организирање даваат различни можности за задоволување на интересите на младите.



Младинското учество е една од областите во кои Советот на млади на Општина Штип може да има најголемо самостојно влијание и да даде свој придонес. Но, за да може да спроведува активности соодветно на потребите на младите во следниот период, неопходно беше да се истражат ставовите на младите за оваа област. За разлика од другите области, во овој дел од прашалникот младите имаа можност да дадат препораки за нивните предизвици, но и позитивни примери за младинско учество.

Соодветно на погоре приложеното, но и на младинската информираност со работата и активностите во рамките на Општината, 89,12 % од средношколците и 85,71 % од студентите од Штип сметаат дека треба да се организираат средби еднаш месечно во рамките на Општината за запознавање со активностите кои ќе ги имаат општинските власти, но и Советот на млади во наредниот период. Ваквите средби може да се покажат како добра практика, за да може да се зголеми и процентот на младинска информираност за работата на Општината, но и дополнително може да придонесе кон градење на довербата помеѓу младите и општинските власти. Поголемата доверба на младите кон Општината и нејзината работа ќе придонесе да се развие поголемо чувство на одговорност помеѓу двете страни кон одговорностите кои ги имаат кон локалната заедница. До донесувањето на оваа Локална стратегија за млади, се започна со реализација на вакви средби и ова е практика која се смета дека ќе продолжи и понатаму. Во иднина ваквата

практика може да се развие во механизам за консултација на широк круг на млади, но и во канал преку кој ќе се остварува младинското учество на локално ниво, и одличен пример за другите младински совети.

Меѓутоа развојот на овој механизам за месечните средби со младите не треба да вклучува само информирање. Советот на млади на Општина Штип ќе работи на воспоставување на ваква практика, бидејќи ова би било одлична можност за младите да размислуваат и да дискутираат за најважните прашања и предизвици од нивниот живот и да и ги претставуваат на Општината за да може да се унапредуваат моменталните состојби. Дополнително, ваквото учество на младите на Општината би ѝ овозможило поголема транспарентност и отвореност во работата, како и нова сила и нови идеи од оние кои треба во иднина да останат и да ја направат општината подобро место за живеење кое ќе одговара на потребите на сите. Преку ваква алатка, Советот на млади на Општина Штип заедно со Општината ќе градат активни и одговорни генерации. Не смее да се занемари фактот дека веќе во Општината во изминатите години се остварувани вакви средби (Форум на млади) кои придонеле Советот на млади да ги планира своите активности врз основа на идеите и потребите на младите. Токму продолжувањето на оваа традиција ќе придонесе и кон поголема информираност и зголемено учество на младите во процесите на креирање, донесување и имплементација на сите одлуки.

Советот на млади, исто така, во следниот период редовно ќе ги промовира термините за седници кои се од отворен карактер, за да може секој млад човек којшто е заинтересиран да истакне и образложи одреден проблем или предлог, за да може понатаму Советот на млади соодветно да го застапува во рамките на Општината и општинските власти.

Она што е неопходно во Општината е и Советот на млади на Општина Штип да воспостави систем на информирање на младите за вклучување во сите процеси кои Советот ги води, било за младински прашања, било за општински прашања. Советот, исто така, мора да воспостави континуиран канал преку кој Општината ќе ги известува и информира младите за своите активности.

Дополнително, за да може да се гради и да се негува довербата меѓу младите и општинските власти, младите од Општина Штип препорачуваат одржување и на годишни средби за нив со градоначалникот и Советот на Општината, како би можеле соодветно да се програмираат активности и приоритети за младински прашања. Вакви средби се препорачува да се одржуваат пред креирањето на општинскиот буџет како би можеле младите да ја потврдат потребата од финансиска поддршка за одредени прашања од значење за нив. Ова ќе овозможи поголема партиципација на младите во работата на Општината, но на тој начин ќе се олесни и подобри програмирањето на финансиските средства кои Општината би ги наменила за младински прашања и предизвици.

Препораките на младите одат и чекор понатаму за градење на довербата меѓу младите и Општината преку воспоставување на механизам „задолжителни мислења на Советот на млади“, кои ќе се однесуваат за секакви младински прашања кои треба да се донесат на локално ниво. Во оваа смисла ќе се предвиди мерка преку која младите ќе може да ги кажуваат своите мислења кои задолжително ќе треба да бидат разгледувани од страна на Советот на млади и, притоа, по секоја мерка ќе треба да следи соодветно образложение за нејзиното прифаќање и имплементација. Мерките кои треба да се предвидат за соодветна имплементација на оваа препорака, мора да водат кон исполнување на својата цел, а тоа е младите задолжително да бидат прашани и да им биде слушнато нивното мислење во секоја ситуација. Бидејќи ваквата практика, првенствено, ќе се воспостави во Општина Штип, ќе претставува одличен пример за сите други општини и ќе може преку низа подоцнежни мерки, соодветно, да го развие и да го унапреди овој механизам, со цел да може младите да бидат партнер на Општината за остварување на сите стратешки документи и предвиден напредок. Преку вакви механизми се гради довербата кај младите и се придонесува за нивно поголемо чувство на припадност кон локалната заедница кое дополнително може да придонесе кон низа други придобивки како за младите така и за локалната самоуправа.





## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО

**ЦЕЛ: Зголемено учество на младите во креирањето, донесувањето и имплементацијата на јавни политики, преку поддршка на сите форми на младинско организирање на локално ниво**

- Воспоставување канали за редовна едномесечна комуникација помеѓу младите и Општината и Советот на млади за информирање за активностите.
- Широка промоција и информирање на младите од Општина Штип за редовните средби и седници на Советот на млади.
- Зголемено демократско учество на младите во процесите на донесување на одлуки во образовните процеси (студентско и средношколско ученичко здружување и организирање).
- Воспоставен систем на средношколско организирање.
- Воспоставени канали за редовна консултација меѓу студентите, средношколците (и сите други категории на млади) со Советот на млади.

# ОБЛАСТ: УРБАНИЗАМ

Овозможувањето на соодветни физички услови за живеење на квалитетен живот за младите, е особено важно прашање за унапредување на положбата на младите во општеството. Неопходно е потребите на младите да бидат задоволени од секаков аспект како би можеле младите да се посветат на унапредување на другите младински прашања и предизвици.

Кога станува збор за оваа област тука се смета на огромната поддршка која може Општината да ја даде на Советот на млади на Општина Штип, со оглед на ограничените можности кои ги има Советот на млади во рамките на оваа област. Тука ќе биде изразена потребата од поинтензивно застапување и лобирање на Советот за унапредување на моменталната ситуација и потребите на младите во однос на овозможениот физички простор во рамките на Општината.

Инфраструктурата во рамките на локалната заедница им е потребна на младите во секоја област, која е дел од обработката на оваа Стратегија. Па, така, неопходна е инфраструктура за практикување на спортски активности, за имплементација на образовниот процес, како и за развој и унапредување на културните активности и квалитетот на живот на младите. При спроведување на процесот на децентрализација, секоја од општините се соочи со сериозни предизвици при одржувањето на дотогашната изградена инфраструктура.

Најголемиот проблем кој го изразуваат младите во рамките на Општина Штип е недостатокот од велосипедски патеки, кои ќе овозможат почесто користење на велосипеди од страна на младите во Општината. Всушност, велосипедските патеки ќе овозможат и поголема сигурност за оние кои го користат велосипедот како свое превозно средство имајќи предвид дека ќе се овозможи сигурен простор за велосипедистите. Дури 88,29 % од средношколците и 76,52 % од студентите целосно или делумно се согласуваат со изјавата за недостаток на велосипедски патеки во рамките на Општината.

Како втор проблем којшто го истакнуваат средношколците во Општина Штип е недоволната осветленост во сите делови од градот. Па така дури 56,49 % од младите сметаат дека Општината не е добро осветлена во сите нејзини делови. Имајќи предвид дека голем дел од образовниот процес се остварува во Општината и во попладневните часови, како и дека голем дел од културниот и забавниот

живот којшто го водат младите е во вечерните часови, ова може да е сериозен предизвик на младите. Голем процент од активностите на граѓанските организации се одвиваат во вечерните часови, при што ваквата ситуација може да претставува пречка за развојот на квалитетен  живот на младите. Овозможувањето на младите да ги остваруваат своите права како во дневните, така и во вечерните часови претставува особена придобивка во рамките на Општината. Исто така, на младите мора да им биде обезбедено да се чувствуваат сигурни и да имаат слободно движење во локалната заедница за остварување на своите права и интереси.

Наспроти ова, друг истакнат проблем за младите е неопходноста од повеќе јавни места за дружење меѓу младите. Всушност, студентскиот живот и студентскиот стандард во себе треба да вклучуваат и активен квалитетен живот и дружење меѓу младите, па затоа овозможувањето на вакви места само ќе го подигне расположението и задоволството меѓу младите, особено студентите.

Во насока на унапредување на физичките услови кои на младите ги нуди Општина Штип е и овозможување на лицата со посебни потреби соодветно и секојдневно да си ги остваруваат своите потреби. Но, она што особено радува е дека во оваа насока младите сметаат (54,39 %)  дека физичките услови кои постојат во Општината, односно на улиците, во училиштата и во институциите, го овозможуваат непреченото движење на младите со посебни потреби, наспроти 35,15 % кои сметаат дека ваквите услови не се овозможени.

Студентите во своите одговори апелираат и за потребата од зелена површина и паркови кои редовно се чистат и одржуваат. Просторите со зелена површина ќе овозможат не само дружење меѓу младите, туку и почиста средина, почист воздух, како и развивање и поттикнување на здрави навики кај младата популација, што е особено важно ако се земат предвид сите наоди презентирани во делот „Здравство и превенција“.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОБЛАСТА УРБАНИЗАМ

**ЦЕЛ: Унапредување на физичките простори за движење и дружење на сите млади вклучувајќи ги и младите со посебни потреби**

- Воспоставување на процеси за застапување преку кои младите директно ќе учествуваат во донесувањето на политики од интерес за младите во Општина Штип.
- Овозможување и унапредување на проекти кои ќе придонесат до подобри услови за остварување на правата на младите и нивниот квалитетен живот (оспособување на велосипедски патеки, поставување нова опрема во локалните паркови).
- Предвидување на соодветни мерки за унапредување на одредени урбанистички решенија во младински катчиња, преку иновативни и креативни акции, со цел да може целиот простор да се доближи до потребите и младите.
- Приспособен пристап до јавните институции, Општината, Советот на млади и училиштата за лица со телесна попреченост.

# ОБЛАСТ: КУЛТУРА

Темата култура е особено важна за младите во секоја локална заедница имајќи предвид дека културниот живот на младите е дел од начинот на кој младите водат квалитетен живот и се развиваат во рамките на својата заедница. Во секоја локална заедница, културниот живот има различен опфат во зависност од можностите, инфраструктурата и понудата на настани кои се реализираат. Но секоја општина мора да се грижи за развојот на културата во својата заедница, во согласност со законските прописи. Па така, во согласност со Законот за локална самоуправа, општините се надлежни за: „институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво“[31]. Според тоа, во оваа област Општината со Советот на млади на Општина Штип имаат голема надлежност, но воедно и можност да работат на унапредување на моменталната ситуација. Сепак, Законот за локална самоуправа не е единствениот документ којшто споменува развој на култура за млади. Во „Националната стратегија за развој на култура 2013-2017 година“, младите се споменуваат во повеќе наврати но, главниот фокус е учество на младите во културните установи; анализа на културните потреби на младите; создавање услови за соодветно образование на талентираните млади кадри; стимулирање на авторското творештво на младите автори.



31 Член 22 Закон за локална самоуправа, „Службен весник на Р. М.“ бр. 5/2002 од 29.1.2002 година

Т-01: Кина според бројот на кинопроектори, вработени и седишта

| | Број на кина | | | | Вработени во кината | | Седишта | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Број на кинопроектори | | | Вкупно | Кинооператори | | |
| | | 1 | 2 | 3+ | | | | |
| | 14 | 8 | 1 | 5 | 125 | 16 | 7 067 | |
| Центар | 2 | 2 | - | - | 11 | 3 | 773 | Центар |
| Карпош | 2 | - | - | 2 | 23 | 5 | 1 551 | Карпош |
| Охрид | 1 | - | 1 | - | 48 | 2 | 540 | Охрид |
| Струга | 1 | 1 | - | - | 8 | 2 | 630 | Струга |
| Прилеп | 1 | 1 | - | - | 2 | 1 | 126 | Прилеп |
| Штип | 1 | - | - | 1 | 7 | 1 | 615 | Штип |
| Свети Николе | 1 | 1 | - | - | 4 | - | 420 | Свети Николе |
| Битола | 1 | - | - | 1 | 6 | 1 | 847 | Битола |
| Куманово | 1 | 1 | - | - | 4 | - | 265 | Куманово |
| Гевгелија | 1 | 1 | - | - | 3 | - | 360 | Гевгелија |
| Струмица | 1 | 1 | - | - | 4 | - | 564 | Струмица |
| Крива Паланка | 1 | - | - | 1 | 5 | 1 | 376 | Крива Паланка |

| Професионални театри | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно театри | Изведени дела | Претстави | | Посетители | | Вработени[1)] | | | | |
| | | | Вкупно | На гостување | Вкупно | На гостување | Вкупно | Жени | Уметници | Други[2)] | |
| Професионални театри | | | | | | | | | | | |
| 2014/2015 | 17 | 158 | 1 064 | 218 | 236 643 | 62 182 | 1 192 | 508 | 690 | 502 | 2014/2015 |
| 2013/2014 | 18 | 137 | 1 008 | 196 | 207 115 | 59 436 | 1 092 | 450 | 654 | 438 | 2013/2014 |
| 2014/2015<br>------------<br>2013/2014 | 94.4 | 115.3 | 105.6 | 111.2 | 114.3 | 104.6 | 109.2 | 112.9 | 105.5 | 114.6 | 2014/2015<br>-------------<br>2013/2014 |
| Скопје | 7 | 74 | 501 | 96 | 142 959 | 34 873 | 764 | 362 | 462 | 302 | Скопје |
| Битола | 3 | 21 | 223 | 50 | 36 344 | 8 319 | 94 | 35 | 62 | 32 | Битола |
| Велес | 1 | 7 | 25 | 11 | 8 143 | 3 500 | 44 | 17 | 23 | 21 | Велес |
| Куманово | 1 | 10 | 52 | 9 | 6 938 | 2 750 | 53 | 19 | 33 | 20 | Куманово |
| Охрид | 1 | 5 | 63 | 9 | 6 855 | 1 310 | 33 | 14 | 12 | 21 | Охрид |
| Прилеп | 1 | 12 | 75 | 16 | 16 510 | 5 890 | 44 | 17 | 24 | 20 | Прилеп |
| Струмица | 1 | 6 | 38 | 9 | 4 770 | 1 670 | 54 | 15 | 20 | 34 | Струмица |
| Тетово | 1 | 15 | 15 | 5 | 4 960 | 2 130 | 49 | 8 | 26 | 23 | Тетово |
| Штип | 1 | 8 | 72 | 13 | 9 164 | 1 740 | 57 | 21 | 28 | 29 | Штип |
| Професионални театри за деца и млади | | | | | | | | | | | |
| 2014/2015 | 2 | 26 | 203 | 13 | 23 001 | 3 221 | 64 | 32 | 47 | 17 | 2014/2015 |
| 2013/2014 | 2 | 24 | 212 | 31 | 24 746 | 6 490 | 64 | 30 | 45 | 19 | 2013/2014 |
| 2014/2015<br>------------<br>2013/2014 | 100.0 | 108.3 | 95.8 | 41.9 | 92.9 | 49.6 | 100.0 | 106.7 | 104.4 | 89.5 | 2014/2015<br>-------------<br>2013/2014 |
| Скопје | 1 | 21 | 166 | 12 | 16 901 | 3 021 | 36 | 18 | 19 | 17 | Скопје |
| Битола | 1 | 5 | 37 | 1 | 6 100 | 200 | 28 | 14 | 28 | - | Битола |

32

Од приложените табели погоре, може да се забележи дека Општина Штип има едно кино[33], како и професионален театар. Онаму каде што не ја забележуваме Општина Штип е професионалниот театар за деца и млади. Исто така, Општина

32 Податоците од табелите се извадени од Државниот завод за статистика, достапни на www.stat.gov.mk

33 Податоците се преземени од Државниот завод за статистика. Во согласност со изјавите на младите и претставниците на граѓанските организации кои присуствуваа на консултативните состаноци организирани од Општина Штип во текот на 2018 година, киното во оваа Општина подолг временски период е нефункционално.

Штип недостасува и во статистиката на аматерски театри. Сепак, забелешките на младинските организации од Општина Штип упатуваат кон тоа дека и покрај постоењето на кино треба да се нагласи неговата нефункционалност веќе неколку години.

Од приложените табели може да се заклучи и бројот на општини кои имаат кина и театри, како и инфраструктурни објекти кои се неопходни за развој на културниот живот кај младите. Токму затоа и развојот на културата во локалните заедници може да биде со доста предизвици, но, сепак, Општина Штип не е ваков случај. Ако се земе предвид дека Општина Штип е и студентски центар, предизвикот за локалната самоуправа за развој на културниот живот може да е навистина голем и со сериозен опфат на активности.

Националната стратегија за млади (2016-2015), исто така, ја таргетира оваа област и предвидува низа мерки со кои треба да се посвети на нејзиното унапредување на национално ниво. Еден од најистакнатите предизвици е подобрување на културниот живот надвор од главниот град Скопје, односно „клучни предизвици дефинирани во оваа област се: недостатокот на редовни културни настани за млади (концерти, мултимедијални настани) во места надвор од Скопје, незаинтересираност кај младите да посетуваат културни настани и културни институции, но и новата медиумска култура која се наметнува кај младите за сметка на книжевноста, за која нема доволно медиумска писменост. Младите многу ретко имаат интерес за креативно уметничко творење во организирана форма и тие, за жал, не го познаваат влијанието на медиумската култура како и манипулациите кои креираат негативен контекст за туѓата култура“[34].

Токму поради сè погоре изложено, во рамките на прашалниците кои беа спроведени на студенти и средношколци во Општина Штип беше опфатена и областа култура. Сепак, одговорите кои се добиени од младите во Општина Штип, одговараат на приликите и инфраструктурата во локалната заедница. Највисок процент на млади (повеќе од 80 %) сметаат дека во Општина Штип треба да има многу повеќе културни манифестации, како што се концерти, изложби, претставид, кои ќе бидат наменети за младите. На средношколците во Општина Штип им недостасуваат и кинопретстави, како една можност за да го збогатат својот културен живот.

Унапредувањето на културниот живот во локалните заедници, во согласност со сите стратешки документи, не се врзува само со формални настани и активности за младите, туку, напротив, треба да е дел од формалниот образовен процес, но и од неформалното образование, за да може да се зборува за збогатување на литературата. Многу често во училиштата, но и во неформалното образование

34 Национална стратегија за млади (2016-2025)

има недостиг од различни културно-уметнички приоди, како часови за цртање, свирење на инструмент, фотографија, танц и слично, за што, всушност, целосно или делумно (70 %) се согласуваат средношколците, како и 74,44 % од студентите со ваквите тврдења. За да може да се работи на унапредување на положбата на младите во оваа насока, не е неопходна инфраструктура, туку, напротив, само имплементација на вакви активности од Советот на млади, како и поддршка на граѓанските организации за организација на вакви курсеви и соодветна промоција меѓу младите за да може да се пријават.



# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА ОБЛАСТА КУЛТУРА

**ЦЕЛ: Поттикнување и поддршка на културни настани и развој на неформално образование со културно-уметнички приод**

- Вклучување на младите при донесувањето на одлуки за креирање на културните програми во рамките на Општина Штип.
- Зголемена информираност на младите за културните настани организирани во Општината.
- Поддршка и промоција на културните настани во Општината помеѓу младите.
- Поддршка на граѓанските организации во организацијата на различни практични вештини и знаење за културно-уметнички приоди.

# ОБЛАСТ: СПОРТ

Спортот, спортските игралишта, како и интересите на граѓаните за поголемо вклучување во спортските активности беа во фокусот на вниманието изминатите неколку години, како и преку соодветни кампањи за омасовување на спортските активности, така и преку инфраструктурни инвестиции, кои требаше да ја исполнат својата цел. Надлежна институција за развој на спортот кај нас е Агенцијата за млади и спорт, иако активностите од оваа област многу често се во надлежност и на локалните заедници. Оваа цела област е регулирана и со повеќе законски текстови, од кои основен е Законот за спорт[35] донесен во 2002 година. Според Законот за спорт, спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско - рекреативните активности на граѓаните.

Инвестициите во спортската инфраструктура во изминатите години беа значителни на број и доаѓаа, главно, од Агенцијата за млади и спорт, со имплементација на различни проекти за различни практикувања на различни спортски активности. Како еден од неколкуте спроведени проекти е и проектот за изградба на 35 спортски сали[36], каде што е вклучена и Општина Штип со изградба на спортска сала во рамките на Универзитетот Гоце Делчев. Овој проект бил дел од Програмата за изградба на спортски сали во 2012 година. Предвидено е овие спортски сали да бидат повеќенаменски, односно младите да може да практикуваат повеќе спортови на едно место. Исто така, во текот на 2012 година, се имплементира и проектот 100 тениски игралишта[37]. Целта на овој проект е омасовување на тенисот како спорт преку изградба на тениски игралишта и со тоа доведување на овој спорт поблиску до младите. Општина Штип, исто така, е дел од овие инфраструктурни инвестиции.

Покрај изградбата на спортските сали и тениските игралишта, во 2012 година, Агенцијата за млади и спорт започна и со изградбата на повеќенаменските игралишта[38], чија цел е да може да бидат користени од страна на сите граѓани



35 Закон за спорт, „Службен весник на Р. М." бр. 29/02, 66/04, 81/08, 51/11, 148/13, 187/13, 42/14 и 138/14)

36 Агенција за млади и спорт, 35 спортски сали, достапно на http://ams.gov.mk/proekti/35-sportski-sali

37 Агенција за млади и спорт, 100 тениски игралишта, http://ams.gov.mk/proekti/100-teniski-igralishta

38 Агенција за млади и спорт, Повеќенаменски игралишта, http://ams.gov.mk/proekti/100-povekenamenski-igralista

за спортување, рекреирање и за натпреварување. Една од општините во која се предвидени две спортски игралишта е и Општина Штип.

Еден од начините на вклучување на младите во спортски активности е преку формалното образование, односно преку воведување на посебни предмети чија цел ќе биде практикување и поттикнување на младите на спортски активности. Но, не секогаш ова е доволно за развојот на младите луѓе. Токму затоа, се настојува да се овозможат и услови за спортски активности  независно од образовниот процес. Во Република Северна Македонија, особено во изминатите неколку години се инвестираше во развој на спортот и спортската инфраструктура, како на национално, така и на локално ниво. Меѓутоа, целиот фокус кон спортот се сведува само на негово практикување, не и на учење. Досега, нема поврзување на спортот со директната едукација за безбедност и здравје во спортот, хигиена во спортот, тимска работа, одговорност, етички и морални вредности, ненасилство, толеранција, спортска етика. Во Законот за спорт, младите се спомнуваат само во делот „грижа и поддршка на училиштен и факултетски спорт“, што е главна замка за занемарување на целата област[39].

Советот на млади на Општина Штип, во согласност со сите национални стратешки документи сметаше дека е неопходно да се посвети и на развојот на спортот на локално ниво, како и на негова промоција меѓу младите, со тоа што оваа тема ја вметна како дел од прашалникот за подготовка на оваа Стратегија. Најистакнатиот проблем од страна на младите (78,57 %) се високите цени на чинење на користење за спортските игралишта и терени. Ова е особено важен податок, ако се има предвид дека младите во најголем процент, сé уште се генерации кои се финансиски зависни од семејствата, па за да може соодветно да се промовира спортот меѓу нив, битни се цените за посета на спортските настани. Преку активности, промоции, бенефиции, кои ќе овозможат пониски цени за средношколците, Советот на млади ќе работи и на омасовување на спортот.

Сепак, развиеноста на спортот, според резултатите на средношколците во Општина Штип, е на некое повисоко ниво на развиеност во споредба со други општини. Па така 64,44 % од средношколците и 57,15 % од студентите сметаат дека во рамките на локалната заедница има доволен број на спортски клубови. Спортските клубови се неизоставен дел од развојот на спортот, почнувајќи од клубовите за деца во основното и средното образование, па сѐ до оние клубови кои се натпреваруваат во системот на прва, втора или трета лига. За разлика од првите лиги кои во кој било спорт се професионални, другите клубови во рамките на вторите и третите лиги овозможуваат учество и развој на секој млад човек во областа на спортот. Сепак, Советот на млади на Општина Штип има намера да

39 Национална стратегија за млади (2015-2025)

придонесе кон посеопфатно учество, но и поддршка и развој на спортските клубови во локалната заедница и промоција за учество на младите во овие активности.

Кога станува збор за спорт и спортски активности, голем број на младите независно од бројот на спортски клубови во Општината немаат интерес на таков начин да го практикуваат спортот, туку, напротив, сакаат да спортуваат, но преку други активности, а не да учествуваат во класичните спортови. Токму затоа, во рамките на секоја локална заедница неопходно е да има инфраструктурни можности но и понуда за рекреативни спортски активности како што се фитнесот или аеробикот. Бидејќи овие активности стануваат неизоставен дел од развојот на сите млади, неопходно беше да се испита и потребата од истите. Па така 66,11 % од младите сметаат дека во Општина Штип има недостаток од фитнес и аеробик центри. Со оглед на тоа дека Општина Штип е и студентски град, Советот на млади ќе настојува во иднина да ги поддржува сите нови идеи за воспоставување на фитнес и аеробик простор во рамките на Општината.

Како што е споменато и погоре во изминатиот период Општина Штип беше дел од низа проекти за изградба на спортски сали, тениски и повеќенаменски игралишта. Сепак, без разлика на овие проекти, преку прашалникот за креирање на оваа Стратегија неопходно беше да се слушнат мислењата на младите во однос на бројот и можностите за искористување на овие игралишта. Па така 64 % од младите сметаат дека во Општина Штип има доволно спортски игралишта за секаков тип на спорт, што остава можност за младите овие спортски игралишта да ги користат за своите потреби.

Студентите испитаници, исто така, реагираат за нови објекти, меѓутоа, за различни видови на спортови. Па така 41,35 % од студентите сметаат дека во Општина Штип нема доволно нови објекти (скејт-парк, трим патеки, затворени базени, велосипедски патеки, куглани) каде може да практикуваат различен вид на спортски активности, според своите преференци и можности. Во иднина треба да се размисли за активности и промоција на диверзитетни спортски активности, кои ќе може да задоволат сечии потреби и вкусови за практикување на спортските активности.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ ВО ОБЛАСТА СПОРТ

**ЦЕЛ: Омасовување на спортските настани и активности преку поддршка и промоција на спортот**

- Промоција на спортот и спортските активности помеѓу младите во Општина Штип.
- Предвидување на активности за поттикнување на учеството на младите во професионални, рекреативни и масовни спортски активности.
- Намалување на трошоците за млади/средношколци/студенти за користење на јавните спортски терени и сали.
- Подобрени услови за спортување на младите.
- Подготовка и поддршка на проекти за младите кои вклучуваат зголемување на можностите на младите во областа на спортот.

# ПРИНЦИПИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЛАДИ И ПОДГОТОВКА НА АКЦИСКИТЕ ПЛАНОВИ

За да може соодветно да се спроведува оваа Стратегија, како и за подготовка на акциските планови заедно со буџетските импликации неопходно е да се почитуваат одредени принципи и начела. Всушност, подолу изнесените принципи и начела провејуваат низ целиот текст на Локалната стратегија за млади, без оглед на областа која се опфаќа. Овие начела и принципи се основите на младинската политика, младинското сеопфатно учество и младинското организирање, па затоа е неопходно да се истакнат за да може да се земат предвид при подготовката на идни документи врз основа на оваа Стратегија.



- **Подобра соработка помеѓу младите, Советот на млади и младинските организации**

  Преку оваа Локална стратегија за млади ќе се унапреди положбата на младите и можностите за справување со сите предизвици, со цел младите да може да станат партнер при подготовката и одлучувањето на сите стратешки документи на локално ниво. Особена е соработката на сите овие три партнери, бидејќи само во согласност со вакви принципи може да се влијае на унапредување на положбата на младите и младинското учество.

- **Можности за млади**

  За да може да се воспостави квалитетно младинско учество, неопходно е на младите да им се овозможат многу можности за подигање на нивниот квалитетен живот. Преку искористување на овие можности младите стануваат активни граѓани кои учествуваат во креирањето и имплементацијата на јавните политики. Токму затоа, во секоја област од оваа Стратегија ќе се инсистира на овозможување што е можно повеќе можности за младите и младинските форми на учество.

- **Учество на младите во креирањето на јавните политики**

  Како што е и погоре кажано, учеството на младите опфаќа повеќе активности и засегнати страни кои е неопходно да се координирани и да работат на унапредување на учеството на младите во креирањето на политиките. Потребно е:
  - Граѓанските организации да го промовираат учеството на младите и да ги вклучуваат младите во нивните активности;
  - Младите да го зголемат своето учество во граѓанските организации, како и во институциите на локално и национално ниво;
  - Овозможување на процеси и активности од страна на локалните власти кои ќе ги вклучуваат младите во креирањето и имплементацијата на политиките, и
  - Учество и консултирање на Советот на млади на Општина Штип во сите прашања кои ги засегаат младите во Општината.

- **Меѓуетничка интеграција и почитување на разликите**

  Стратегијата во себе има цел да ги вклучи сите млади без дискриминација во своите активности. Младите се категорија со многу различни потреби, со различни заднини и предизвици, па затоа е неопходно при подготовка и осмислување на акциските планови да се внимава на вклучување на сите млади. Стратегијата во својата цел го промовира мултиетничкиот карактер на општината и на младите во оваа заедница. Неопходно е при спроведувањето на оваа Стратегија да се размислува за вклучување на сите млади без разлика на својата заднина и потреби за да може соодветно и сеопфатно да се осмислат активностите.

- **Овозможување на простор и поддршка за реализација на активностите**

  Во рамките на Локалната стратегија за млади, предвидени се низа активности за чија имплементација или поддршка неопходно е овозможување на простор за реализација на активностите. Токму затоа, овозможувањето на простор претставува основа и начело за да може голем број од стратешките предизвици и идни активности во рамките на акциските планови да се реализираат непречено, преку континуирано овозможување на простор преку воспоставување на соработка со граѓанските организации, односно преку непречена соработка со Општината.

# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Подготовката на секој стратешки документ во себе предвидува и планирање на процес за мониторинг и евалуација на фазата на спроведување на предвиденото. Токму затоа, Советот на млади на Општина Штип континуирано ќе соработува со младинските организации и младите поради структуриран мониторинг на имплементацијата на Локалната стратегија за млади.

Главен носител на оваа Локална стратегија за млади е Општина Штип, која во соработка со Советот на млади на Општина Штип, како и другите младински организации треба да овозможат спроведување на сите мерки и активности во насока на остварување на целите на Стратегијата.

Првенствено, за да може одреден стратешки документ да биде соодветно имплементиран во локалната заедница, неопходно е да се започне со подготовка на акциски план со соодветни буџетски проекции. Акциските планови за секоја година, Советот на млади на Општина Штип ќе ги подготвува заедно со младинските организации, за да може да се даде придонесот на младите и младинските организации кон надминување на предизвиците детектирани во оваа Стратегија. Овие акциски планови ќе бидат јавно објавувани од страна на Советот на млади на сите социјални медиуми и средствата за комуникација со младите на Советот на млади и на Општина Штип. Советот на млади ќе биде отворен и ќе ги поддржува сите оние младински организации и млади кои ќе сакаат да мониторираат или евалуираат одреден дел од Акцискиот план, односно од оваа Локална стратегија за млади.

Покрај можноста секој млад човек, односно секоја младинска организација да може да ги мониторира активностите од оваа Стратегија, така и Советот на млади на годишно ниво ќе спроведува и ќе подготвува мониторинг и евалуација на своите активности. Резултати од спроведениот мониторинг и евалуација ќе бидат извештаите кои ќе бидат јавно објавени за да може секој да се запознае со нивната содржина. Дополнително за промоција на овие извештаи ќе бидат организирани и годишни средби на кои ќе се дискутира степенот на имплементација и ефектите од спроведените активности на локално ниво.

За имплементација на сите активности, Советот на млади на Општина Штип ќе организира соработки со млади или младински организации кои ќе имаат можности да го дадат својот придонес кон спроведувањето на активностите за оваа Стратегија.

Ваквите средби ќе овозможат учество на младите уште пред имплементацијата на активностите, што дополнително ќе овозможи транспарентност и можност за мониторинг над секоја имплементирана специфична активност од акциските планови за оваа Стратегија.

Последната година пред завршувањето на важноста на оваа Стратегија, Советот на млади на Општина Штип, заедно со граѓанските организации ќе креира и соодветна методологија за да може да спроведе евалуација на сé што е дотогаш спроведено како имплементација на овој стратешки документ. Ваквиот пристап ќе овозможи да се зголеми учеството на младинските организации и младите не само во подготовката и имплементацијата на оваа Стратегија, туку и во активностите за мониторинг и евалуација на Стратегијата и акциските планови.

# КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ ЗА ПОДГОТОВКА


- Устав на Република Северна Македонија
- Закон за средно образование, Службен весник на РМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015
- Закон за средно стручно образование, Службен весник на РМ бр. 71/2006, 117/2008, 148/2009, 17/2011, 24/2013, 137/2013, 41/2014 и 145/2015
- Закон за високо образование, Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16
- Закон за спорт, Службен весник на Р. М.“ бр.29/2002; 66/2004; 81/2008; 18/2011 и 51/2011
- Национална стратегија за млади (2005-2015)
- Акциски план за спроведување на Националната стратегија за млади 2009 година
- Национална стратегија за млади (2016-2025)
- Анализа за Националната стратегија за млади (2016-2025)
- Стратегија за намалување на насилство во училиштата 2012-2015 година
- Национална стратегија за вработување 2015 година
- Акциски план за вработување на младите 2015 година
- „Неформално образование во Република Македонија: Состојби и предизвици“, Буова, Е., Додовски, И., МКЦ Битола, 2009 година
- Локална стратегија за млади на Општина Штип (2011-2015)
- „Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија“, Алгоритам центар, Биро за развој на образование, 2009 година
- ″Demand for skills in Macedonia, Technical note to serve as input for a World Bank workshop at Macedonian government″, Rutkowski J., 2010
- „Студија за младите во Република Македонија“, Топузовска-Латковиќ, М., и др. Фондација Фридрих Еберт 2013 година

- Извештај за состојбата со младите, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, декември 2014 година
- Студија за мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, Виолета Петроска-Бешка, Мирјана Најчевска, Николина Кениг, Сафет Балажи и Ана Томовска, 2009 година
- Национален извештај за Македонија од истражувањето „Младите и медиумите", Игнатова, Е., Џамбаска, Д., Божиновска, М., Божовиќ, С., 2014 година
- „Младински трендови во Република Македонија", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, декември 2014 година
- „Младински потреби и младинско организирање во Република Македонија", Коалиција на младински организации СЕГА, ноември 2010 година
- Годишен извештај за реализирани активности на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот
- „Национален извештај за младинската невработеност во Република Македонија", МКЦ Битола, декември 2015 година
- „Прирачник за децентрализација за претставници на граѓански организации за мониторинг на процесот за спроведување на децентрализацијата во Република Македонија", 2013 година

www.ams.gov.mk
www.beznasilstvo.mk
www.rsbsp.gov.mk
www.strategijazamladi.mk
www.kupikukakupistan.gov.mk

Follow OSCE

Мисија на ОБСЕ во Скопје
Булевар 8-ми Септември бр.16
1000 Скопје

Телефонски број: +389 2 323 4000
Факс: + 389 2 323 4234
info-MK@osce.org

Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**